**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Второто продолжение на 43-тата седница на Собранието Република Македонија,**
**одржана на 16 мај 2000 година**

Седницата се одржа во салата за седници во Собранието на Република Македонија, со почеток во 15,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г. Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 43-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

Ве молам, вклучете го системот за гласање.

Во салата се присутни 81 пратеник.

Констатирам дека се присутни мнозинството пратеници, и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со работа по точката 19.

Господинот пратеник Амди Бајрам, бара процедурално.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани господо пратеници, почитувани министри.

Јас би сакал, околу она што се случи вчера, денеска за мене пишува разни работи, наводно како јас вчера некои разни работи овде во Собранието.

Дали ние пратениците и јас како пратеник, имаме право, ова лично го поставувам до претседателот, барам одговор, дали ние како пратеници во Собранието на Република Македонија, дали сме биле ние известени за вчерашниот ден дека ќе дојде некој гостин во толку и толку часот, да не смееме со коли и да влегуваме. Дали некои сме биле известени, дали има некое одобрение овде, надвор се поставуваат килими, се изведуваат тие работи за заштита на Собранието.

Второ, барам од вас, претседателе, барам и од пратениците да ме поддржат околу тоа, вчера бев нападнат од 50 души од обезбедувањето. Ме направија како да сум јас атентатор на претседателите на Бугарија и Македонија.

Бидејќи се чувствувам многу навреден, ова е многу сериозна работа, мене ми се случи, утре може и на некој друг, на сите вас пратеници може да ви се случи. Еве, слушам по два-три часа сте чекале на пат, тоа е најнормално, но овде во Собраниево, дали ние како пратеници (реакции во салата) дали ние како пратеници имаме право, дали сме информирани дека ќе има нешто овде во Собранието, не смееме да добиеме влез во Собранието на Република Македонија како пратеници.

Јас мислам дека тоа не е во ред. Никој од нас пратениците не сме гласале таква работа, јас не сум против ништо, не сум против претседателот на државата, не сум ни против тој на Бугарија, нормално, пратеник, како секој, секој е добредојден, уште би го поздравил, а не да бидам атентатор.

Ако некој порано, мислат на бившиот претседател, ако некој пратеник или некоја пратеничка група извршила атентат на бившиот претседател и сега да мислат дека сум јас атентатор, вчера така ми се наметнаа тие од безбедност, јас ве молам, барам од претседателот и од вас пратениците, има разни обезбедувања, не ги знаеме кои се, што се, дали се улични, дали се регистрирани или не се, Министерството за внатрешни работи барам лично до претседателот на Собранието да достават, кои вчера биле на обезбедување. Затоа што вчера мене ми се силеа да ме удрат.

Вчера барав прием до претседателот на Собранието, но бидејќи беше зафатен, не можев околу овој случај. Затоа што јас, како пратеник нормално, моето право треба до претседателот на Собранието, до пратениците да се обратам и до секретарот на Собранието на Република Македонија. Мислам дека оваа работа е многу сериозна и не треба така. Затоа што минатиот пат кога беше и претседателот Стипе Месиќ, ние имавме седница овде, надвор ни беа колите паркирани, па со пајаци дојдоа колите да ни ги дигаат.

Мислам дека ова не е добра работа. Се прави еден револт кај нас пратениците. Никој не сме за револт. Сите сме да бидеме известени, доколку доаѓа некоја делегација, доаѓа некој, да ни се укаже еден ден, два дена порано, како пратеници писмено да не известат за да не паркираме пред Собранието во толку и толку часот, да дојдеме од друга страна или пешки или како било. А не некои да мислат како атентатор и во тој момент да ме нападнат.

Со тоа мислам дека сите ќе се согласиме и јас барам ова да се спроведе во Собранието како што треба. Од претседателот на Собранието барам да ни се овозможат имињата на сите кои вчера беа на обезбедување, надвор пред влезот на пратеничкиот дом. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Амди Бајрам.

Мислам дека г. Амди Бајрам исправно реагира кога го упатува прашањето до мене. Вам ви е добро познато, почитувани колеги, дека јас во наврати се обратив до Владата и побарав, согласно принципот на поделба на власта, претседателот на државата, тој дел на извршната власт да биде дислоциран во други простории. Односно, да се направи претседателска палата и место каде што тој ќе ги обавува своите редовни активности.

Никаде во светот нема, да ви кажам, во Парламентот да биде лоциран и шефот на државата. Затоа што шефот на државата има посебен систем на обезбедување и тој систем на обезбедување не соодветствува на парламентарната демократија и особено на функционирањето на Парламентот. Затоа ни се случуваат вакви инциденти. Не сакам да верувам дека се намерни. Тоа се ненамерни, бидејќи и тие луѓе кои биле поставени на задача, биле должни да се грижат за обезбедувањето на претседателот на државата, на странскиот гостин итн.

Ова веќе е сериозен сигнал дека Владата, која што патем речено, второто писмо што го упатив, го прифати со информација, ги задолжи двете министерства, за урбанизам и градежништво и за финансии што поскоро да ја отпочнат процедурата на барање на локација и изградба на претседателска палата. До тогаш, навистина, ќе мораме да се стрпиме уште малку додека тоа ме се направи, а јас ќе се потрудам во такви ситуации да стапам во контакт со шефот на државата, со министерот за внатрешни работи, да не дојде до такви инциденти како што укажува пратеникот Амди Бајрам, како што ми се пожалија и други пратеници, кои морале своите возила да ги оставаат дури и до еден километар оддалеченост од Собранието. А, вашето место и оваа зграда е на Собранието. На секого од вас поединечно, вклучувајќи ме и мене. Јас затоа ви дозволив вие да влегувате од главната врата. Го имате тоа соопштение. Секогаш кога имаме седници може да влегувате од главната врата, а не да влегувате од споредните врати.

Тоа беше првиот чекор, но не можам да го реализирам она што го ветив на првата седница, дека ќе го отворам овој дом за граѓаните. Не е можно сега во оваа ситуација. Затоа јас реагирам. Оној момент кога ќе се создадат услови, тогаш навистина овој дом ќе биде отворен за граѓаните, кои ќе можат да видат каде ние работиме, во какви услови итн. Дотогаш, ве молам, ќе гледам да нема инциденти, ќе гледаме да немаме седници кога доаѓаат државници од ранг на шефови на држави, за да не дојде до вакви ситуации до какви што дојде.

Ако сакате да го примите моето извинување г. Амди, тоа е веќе надвор од нашето решавање.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Го примам, г. претседателе целото извинување и јас се извинувам на сите пратеници, но треба да сфатите во која состојба се најдов јас. Не сакав да ме третираат како некаков атентатор. Јас сум пратеник избран од изборната единица 85 - Шуто Оризари, 7.590 избирачи ме избрале. Влезен сум во овој законодавен дом избран од граѓаните на Република Македонија.

Но, јас барам, ако може, г. претседателе имињата на тие од обезбедувањето, затоа што од тоа обезбедување лично еден сакаше да ме удри, висок, голем човек. Мене, пратеник, кој е тој да ме удри, со свој имунитет. Тој нема право мене да ме удри. Со кое право тој ми се, видоа сите новинари, замавна со бокс да ме удри. Јас му велам - удри ти, повели, еве, новинарите се сведоци.

Затоа сакам имиња на сите од обезбедувањето, нормално, сакам со министерот за внатрешни работи да се консултирам околу таа работа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Верувам дека во иднина нема да доаѓа до вакви ситуации. Сигурно дека ќе ги усогласиме нашите активности. Засега, додека не се создадат услови за нормално одвивање на функциите на шефот на државата, со тоа и за нормално одвивање на нашите функции како Собрание.

Дали можеме да продолжиме без овие дискутанти овде, по точката од дневниот ред, без расправа по ова, но доколку барате процедурално, повелете.

Има збор г. пратеник Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Се извинувам, претседателе, што ќе морам да испаднам од дневниот ред, меѓутоа и претходниот дискутант тоа го направи. Па кога дозволивте тоа да се случи претходно, ќе ве молам да дозволите неколку забелешки во врска со дискусијата.

Мислам дека нема потреба да правиме театар од Собранието, дека некој од нас е атентатор, дека незнам што, па затоа бил нападнат.

Стои дека Собранието може да укаже на обезбедувањето да биде повнимателно, но тоа не значи дека сега треба половина час да разговараме дека бил нападнат, не знам што. Весниците, такви какви што се, се сензационалистички, дочекуваат некои работи, па видовме слики во весници дека на Амди не му се дозволило да стапне на теписон или на тепих, не знам на што, меѓутоа тука треба да ги затвориме тие работи.

Да ви предложам понатаму вакви работи да не дискутираме, вака испаѓајќи од дневниот ред, туку, ако оцените дека е потребно, дека се собрале многу предмети од таа сфера, да ставиме точка на дневен ред па да дискутираме. Амди Бајрам инсистира дека бил нападнат, знаеме дека во една интерпелација што ја добивме од страна на пратеничката група на СДСМ, еден од функционерите назначен од страна на Владата или Парламентот исто се повикува на тоа дека некои пратеници биле нападнати. Исто и јас можам да кажам дека сум бил нападнат. Значи, може да ставиме точка на дневен ред што било во врска со пратениците, дали се доволно безбедни или не. Меѓутоа, да не испаѓаме од дневниот ред, затоа што оваа седница не можеме со денови да ја завршиме.

Во врска со тоа, Парламентот дали може да биде отворен или не, сакам да дадам кратка забелешка.

Без разлика што претседателот на Собранието, односно претседателот на државата е во оваа зграда, Парламентот може да биде отворен. Тој има посебен влез. Ако сакаме да ја отвориме оваа зграда за граѓаните како што беше ветено на вашиот инаугуративен говор, ние можеме низ посебни влезови да ги пуштиме граѓаните и тие може да дојдат тука во салата без да се допрат со обезбедувањето на претседателот, ниту со претседателот на државата. Уште сега може да се размисли да се отвори овој парламентарен дом. Мислам дека тоа би бил добар чекор за да можат граѓаните да бидат поблиску до нас, затоа што без разлика, какво и да е обезбедувањето, без разлика какви протоколи да имаат тие, знам дека и во најдобро чуваните згради во светот и најдобро чуваните функционери во светот може да им се пријде на соодветна близина.

Затоа, размислете да ја отворите зградата, може да дојдат луѓето тука и да ги гледаат седниците.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сите овие сугестии јас ќе ги имам во вид и ако не пречи, тоа јас и ќе го направам.

За збор се јави г. пратеник Ванчо Чифлиганец.

(Пратеникот Амди Бајрам бара реплика).

Оставете ги сега репликите, да не одиме на реплики.

Господинот Чифлиганец има збор.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Не мислев да се јавам за збор, можеби е веќе и одговорено на ова прашање, затоа што колегата пратеник Петровски на некој начин ја одзема мојата дискусија. Но, во секој случај ние пратениците овде треба да се замислиме статутот, бидејќи институцијата пратеник е голема работа, затоа што застапуваме 2.000.000 луѓе.

Се јавувам само за една работа, ме поттикна почитуваниот претседател г. Саво Климовски, да се јавам, затоа што беше пред 18 месеци речено од устата на претседателот, дека Парламентот ќе биде отворен за секој граѓанин. Затоа граѓаните се прашуваат зошто не е отворен, а сега ме поттикна дискусијата на претседателот г. Климовски, дека е виновен претседателот на државата, бидејќи влезот е ист.

Затоа, би било добро, кога сме веќе на оваа тема да знам кој е виновен, зошто до сега не е отворен Парламентот за сите граѓани на Република Македонија и дали е тоа возможно. Затоа што ние како пратеници за 18 месеци само два пати имавме можност да поставуваме пратенички прашања. А. пратеничките прашања се во интерес за граѓаните.

Ако немавме можност тоа да го направиме, сега замислете колку е тоа рационално, колку е тоа можно да биде овој дом, Парламентот, отворен за секој граѓанин на Република Македонија.

Единствено прашање, кој е виновен до сега што не беше овозможено секој граѓанин да влезе во овој дом, затоа што тоа

што беше речено испаѓа како да е шефот на државата виновен за тоа. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас мислам дека навистина не би требало да се политизира ова прашање. Ако добро ме слушавте реков дека во ниту еден парламент нема гарда на војската. А, ние овде имаме гарда, која има своја функција, има свои правила и каде што не треба премногу граѓаните да се шетаат. Тоа беше причината поради која што побарав да се дислоцира, затоа што некои правила се утврдени мимо волјата на субјектот кого заштитуваат.

Па затоа мислам дека да не отвораме сега, зошто е отворен, затворен итн. Јас кога мислев отворен, мислев тоа дека во одредени денови граѓаните можат да прошетаат и да видат низ Парламентот. Ако не пречи тоа, а јас ќе се договорам со надлежните органи, нема проблем тоа да го направиме и да прекинеме со расправата за ова прашање.

Но, битно е она другото, а тоа е дека влезот на секој парламентарец во секое време во оваа зграда е слободен. Тоа треба да го направиме. И за тоа треба да се бориме, затоа што ова е навистина наш дом. И така јас го сфаќам и така сакам да се однесува .Сето она што е направено против поединци ќе гледаме да го отстраниме без било какво обвинување на една или на друга страна. Ќе најдеме начин да седнеме, да разговараме и да ги решиме тие прашања.

Ако мислите сега да водиме расправа по други проблеми, ќе ве молам да прекинеме.

Процедурално ако имате нешто да додадете, повелете.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Според одговорот вие го замислувате Парламентот како музеј, или корзо. Еден ден граѓанинот кој сака да се прошета низ Парламентот. Прошетка е корзо, или да се посети музеј. Јас вашиот одговор така го сфаќам.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г-дине претседателе инспириран заради ова што Парламентот треба да зборува за безбедноста и обезбедувањето на државните функционери. Тоа не е работа на Парламентот. Обезбедувањето има да си работи професионално како што треба да си ја обавува должноста. Она што боли, тоа е прашањето на дигнитетот на пратеникот. За дигнитетот на пратеникот не станува збор сега во овој состав. И во минатиот и во првиот состав Парламентот како таков беше испод Владата и секогаш ќе биде. И малку разочарува од пратеници кои беа и во минатиот состав, сега да зборуваат за дигнитетот на пратеникот. Ова во континуитет се случува. Знаеме каков е третманот на пратеникот, знаеме како се однесуваат и сите во државата. Кога ќе се слуша зборот и гласот на пратеникот, тогаш ние можеме да имаме дигнитет. Ние меѓу себе не се почитуваме, ова исто важи и за вас г-дине претседателе, пет месеци поминаа вие не удоволивте на нашето барање, дали сме ние пратеничка група, или не сме. Одговорете: Не сме, и никому ништо. Не е тоа страшна работа. Тоа е во контекст на се она што се случува. Кога ќе ги изрегулираме односите меѓу нас, тогаш ќе бараме да не почитуваат и другите. Тогаш ќе бараме да не почитуваат и министрите и сите. Кога ние не се почитуваме, не бараме да не почитуваат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во секој случај некои од критиките ги прифаќам. На дел не би сакал да одговорам, бидејќи расправата би не одвела во погрешна насока.

Минуваме на точката 19 - Интерпелација за работата на министерот за одбрана во Владата на РМ, г-динот Никола Кљусев.

Интерпелацијата ви е доставена.

Отворам претрес.

Молам еден од подносителите да ја образложи интерпелацијата.

За збор се јави г-динот пратеник Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ.**

Г-дине претседателе на Собранието, г-дине министер, почитувани колеги пратеници, СДСМ како најголема опозициона партија ја, следи работата на Владата и одделни министри и во повеќе наврати го искажа ставот дека не е задоволен од тоа како работи Владата на РМ и особено некои нејзини министри, кои според наше мислење не ја извршуваат функцијата, согласно очекувањата на граѓаните, меѓутоа и согласно овластувањата, кои ги имаат според Уставот и законите. Односот меѓу Парламентот и министрите е уреден со членот 72 став 1 и 2 од Уставот на РМ и во согласност со овие членови, односно ставови од Уставот поднесуваме на интерпелација за работата на министерот за одбрана на Владата на РМ, г-динот Никола Кљусев. Имаше многу случувања во изминатите 15 месеци од кога ние ја поднесовме оваа интерпелација. Во

меѓувреме станаа малку повеќе месеци и може да се каже ако некое министерство беше во центарот на вниманието и незадоволството по многубројните афери кои практично станаа секојдневна појава, тоа е Министерството за одбрана. Нас посебно ова не загрижува и ме боли како граѓанин, како пратеници, затоа што ова министерство раководи со еден од столбовите на државата, раководи заедно со шефот на државата со армијата на РМ, а армијата по својата суштина е во блиска корелација, или во дефиниција, во совпаѓање со честа, долг кон татковината.

И затоа тоа министерство, односно неговото водење треба да биде со поголема умешност, со поголема одговорност, со поголема посветеност што не е случај како тоа се води денеска од оваа Влада, односно од ресорниот министер, бидејќи тоа постојано продуцира афери, скандали и на тој начин кај граѓаните на РМ создава несигурност или чувство дека не се безбедни. Затоа што ако не постои стабилност во една таква структура тоа се одразува и на другите сегменти на државата, но и на чувството на граѓаните за сопствениот лик, кој со нив управува, односно кој ги претставува и како ги врши функциите согласно Уставот и законите. Од тие причини СДСМ ја поднесува оваа интерпелација.

Ние набројуваме неколку точки кои сметаме дека се суштински и битни во оваа интерпелација, а кои се однесуваат на работата на министерот како основа за неговата одговорност. При тоа во меѓувреме се намножија и некои други афери и скандали кои ќе мораме да ги спомнеме денеска иако и се познати на македонската јавност и на вас колеги пратеници, меѓутоа кои дополнително ни даваат за право да бидеме уште по убедливи и по сигурни дека министерот Кљусев треба да сноси одговорност за функцијата што ја врши.

Ќе почнам со самото стапување на функцијата министер за одбрана на г-динот Никола Кљусев, кога тој го прекрши неприкосновеното правило на демократските општества, а тоа е цивилната контрола на системот за одбрана. Правило е, тоа е општо познато во сите демократии дека армијата мора да биде под строга, сигурна контрола. Не само преку тоа што министерот ќе биде цивилно лице, туку и клучните, водечките функции, или функционери на министерството треба да бидат цивили, посебно во некои сектори. И можеме да кажеме дека тоа е еден стандард кој постои во демократските општества, а особено во случајот во НАТО, а наша определба токму беше да бидеме дел од таа евроатланска алијанса. Со ваквиот став од неговото доаѓање ние сме убедени дека тој ни допринесе за нашето одалечување од евроатланските безбедносни структури за што впрочем постои консензус во РМ. Така министерот Кљусев уште на самиот почеток за потсекретари во Министерството постави воени лица, што го има само веројатно во северна Кореја и на Куба. Наспроти тоа во секторите каде што исклучиво по сите стандарди на демократските општества работат професионалци, а тоа е секторот за безбедност и секторот за меѓународна соработка, значи каде што работат професионалци, воени лица, бидејќи тие треба да поминат еден цел циклус на школување и изградување за да дојдат до таа функција тој постави цивилни лица, кое е прв пат и во случајот буквално се сретнуваат едниот со безбедносната проблематика. Јас не навлегувам какви се тие личности, не ги оценувам нив, го оценувам министерот, бидејќи направил огромен пропуст. Значи цивил на секторот за безбедност кој прв пат се сретнува со таа проблематика. Исто така едно лице кое никогаш не работело на меѓународна воена соработка се става на Секторот за меѓународна соработка во Министерството. Значи лица кои немаат никакво професионално војничко познавање на деловите, за кои треба да одговараат во министерството. На тој начин мислам дека е направен крупен преседан. Бидејќи јас имав прилика да се среќавам на многу средби, имам контакти и познавања за многу земји членки на НАТО, или партнерство за мир. Еден од условите за пристапувањето трансформацијата да почне од цивилната контрола врз армиите на дотичните земји. Кај нас иако тој стандард веќе постоеше, веќе беше воспоставен од претходните влади, со доаѓањето на министерот тој стандард беше нарушен. Практично ние се вративме назад во однос на претходниот период.

Вториот крупен пропуст тоа е акциониот план на овој министер за членство на РМ во НАТО, кој доживеа фијаско во Брисел. Познато ви е дека тој беше вратен од Брисел и оценет како незадоволителен, затоа што бил без прецизни норми, параметри и рокови. И во меѓувреме додека ние ја поднесовме интерпелацијата веројатно се направи нова екипа, или пак директно беше напишан од експерти вон од РМ, а ние имаме експерти во РМ и повторно е сега конечно усвоен

онака како што треба да изгледа според стандардите на членките на партнерството за мир. Тој значи во првата фаза беше тотално промашување. Ова секако е резултат на хаосот што министерот Кљусев го внесе во министерството со своите кадровски решенија, а еве од каде произлегува тоа. Веднаш со доаѓањето на министерот и оваа Влада од Министерството се сменети врвни експерти, кои не биле членови на ниедна партија, кои да речеме произлегле по фази на своето школување во самото министерство. Некои од нив ги поминаа високите школи на НАТО, како што е Гармиш, Рим и си има еден природен тек на својот развој во Министерството. Тие беа ставени и во министерството почна процесот на именување на високи функционери според партиската припадност, според членството на ВМРО-ДПМНЕ. Еден тежок преседан, кој е неприфатлив за секоја демократска држава. Само да ве потсетам слични процеси имаше своевремено во соседна Бугарија, имаше во соседна Албанија, зборувам од овие земји кои аспирираат да се приклучат кон Европа, тоа беше случај и со Хрватска ХДЗ каде што роднини, пријатели, партиски послушници се ставаат на врвни места во безбедносните структури. За Хрватска да не зборуваме за синовите на поранешниот претседател Туѓман и тоа беше една од главните забелешки покрај другите, затоа што Хрватска не беше ни аспирант за членка во партнерството за мир, или да го земеме случајот со Албанија, каде што се распаднаа тие безбедносни структури, или во Бугарија, каде што едно време армијата беше практично во распаѓање заради ваквиот начин на водеше на политиката, кажувам примери на кои не треба ние да се потпреме, а кои треба да ги знаеме. И се случи една зима армијата на Република Бугарија, односно војниците беа пуштени дома, бидејќи немаше огрев, немаше храна за војската. Таквиот пристап во функционирањето на овие чувствителни министерства доведува до вакви резултати.

Трето, за аномалиите во министерството се зборува еден подолг период. Меѓутоа мислиме дека од аспект на вниманието за инволвираноста дури во некои криминогени дејствувања во ова министерство, можеме да зборуваме со откривањето на шверцот на бугарскиот барут за Србија, затоа што според официјалното соопштение на ДБК, значи на еден друг владин орган кој беше даден за јавноста, при откривањето на овој шверцерски канал, што значи дека претходно веќе поминале неколку тури на барут кој се шверцувал за Србија е востановено дека во него учествувале високи функционери на повеќе министерства на Владата на РМ, меѓу кои и на Министерството за одбрана. Беше спомнато Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи. Тоа е официјална изјава на функционер на ДБК. Некои луѓе беа разрешени, меѓу тие истите луѓе ми се чини после 15, 20 дена, или месец дена беа повторно именувани на некои други функции во Министерството за одбрана, советнички, или некакви други функции. Ова министерство беше во овој период предмет на опсервација на јавноста и околу набавките, кои воглавно беше договарано во четири очи, без објавување на тендери што секако беше елемент на сомнение дека веројатно се злоупотребува и дека се случуваат нечесни зделки, а тоа значи кршење на законите за што директно одговорност носи првиот човек на ова министерство. Да ги споменам само купување на луксузни автомобили мерцедеси за Министерството, како да не може да се опслужи Министерството со поевтини возила, случајот со набавката на храна, иако во нашата армија постојат стандарди за храната, па се случи да биде купувана храна со многу низок квалитет. И ова што сега ќе ви го кажам не е шега, ако некој има пријател кувар во армијата можеби слободно ќе ви каже дека сега месото го варат по шест часа и не можат да го сварат, да го подготват за јадење. Ова навистина не е шега. Затоа што е набавено месо со квалитет кој не е за исхрана, тоа се типот на буши познат на Балканот како неквалитетно месо. И ова би го нарекол буша економија на Министерството за одбрана. Имаше реакции по повод на ваквото работење во министерството, меѓутоа министерството место само да го разреши овој проблем, негираше дека тоа е случајно, па се свикувани конференции за печат, но месото е во исхрана за војниците на армијата на Република Македонија, ова месо кое не е квалитетно за кое сега зборуваат.

Четврто, застрашува податокот за непотизмот кој владее во ова министерство. Се чини дека основен критериум за именување на функционери во Министерството за одбрана се роднинските и пријателските врски на министерот. Значи едниот дел е партиските кои се нестручни, неквалификувани, а другите се роднински, пријателски и тоа на министерот лично.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:** (Продолжение)

Освен тоа, не е карактеристика само во ова министерство, може да се сретне и во некои други министерства во Владата на Република Македонија. Но, зборуваме сега за ова Министерство.

Министерството го губи веќе карактерот на државен орган. Се повеќе лични на едно големо семејство на министерот Кљусев. Општо е познато дека во такви услови не е можно да се запази хиерархијата и одговорноста, со што на ова Министерство и на Република Македонија и се нанесуваат огромни штети. Од многубројните вакви именувања, ќе издвојам како пратеничка група неколку еклатантни примери што се навистина фрапантни.

Така, во Министерството за одбрана, од страна на министерот на високи функции се именувани двајца негови внуци кои, за да го прикријат идентитетот, непосредно пред именувањето го менуваат презимето Кљусев. Тоа се случува во рок од 2-3 месеци. Најнапред едниот, кој се презива Кљусев, а го зема презимето Манев, бидејќи според нашите закони по навршени 18 години можете да го промените своето презиме кога сакате. Вториот, после извесен период, за да биде именуван на функција што е во врска со Министерството за одбрана, го менува презимето во Стојанов.

Претпоставувам дека на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ им се познати овие личности.

Примерот со зетот на министерот Кљусев Томе Неновски, екс заменик гувернер на Народната банка на Македонија, против кого во моментов се води судски процес. Не навлегувам како тој ќе заврши, но очигледно се води судски процес за злоупотреба на службената положба. Сега ги води финансиите во Фабриката за наменско производство "Сувенир" во Самоков.

Значи, човек кој е на некој начин под истрага, кој е во судска процедура. Не е мое да утврдувам дали тој ќе биде осуден, но очигледно е во судска процедура за дела врзани со финансиското работење. Знаете, според нашите закони, а се прими благајник во селска задруга се бара мислење од суд дали е под истрага, дали е во судска постапка, дали бил осудуван, ако е осудуван дали поминало времето кога таа фактички ја губи својата важност. А, токму тој "Сувенир" е спомнуван во шверцот со барут за Србија.

Една од последните скандалозни на министерот Никола Кљусев е секако и стапувањето во деловни односи со својата ќерка Маргарита Неновска, сопственик на Печатницата "НАМ", околу печатење на некои документи, брошури од страна на ова Министерство.

Во меѓувреме се случија и други работи. Значи, го завршувам овој комплекс на роднини и пријатели, претпоставувам дека министерот Кљусев нема повеќе роднини и пријатели, така што сите се сместени. Да имаше уште некој, ќе го имавме на овој список.

Случајот со киднапирањето на четирите припадници на АРМ, договорена од државниот врв и размената, исто така, со една особа по која беше распишана меѓународна потерница, зборува за тотално отсуство на одговорност пред македонската јавност и тотална не координација, ако е точно што го изјавува граѓанинот Борис Трајковски и министерот Кљусев околу тој случај, тотална не координираност во врвот на државата.

На пример, министерот Кљусев со изјавата дека некои војници биле задржани десетина часови на наша територија, првото соопштение на Министерството. Па, потоа во Собранието рече дека биле, прво рече на наша територија, па потоа десетина часови, па незнае од тоа што, па ќе видиме. А, граѓанинот Борис Трајковски вели дека појма нема што се случува, дека не знае, ќе видиме што е таа работа (реакции во салата а претседателот предупредува на ред со ѕвончето), што е застрашувачко. Никој во државата не знае министерот за одбрана не знае, господин Трајковски не знае, за премиерот веќе се изјаснив во неколку наврати, што значи дека некој во случајов не ја кажува вистината. Или шефот на државата или министерот за одбрана. Или пак сите тие се инволвирани, на некој начин, во договорената размена. Или договореното киднапирање меѓу војниците и предавањето на лице за кое е распишана меѓународна потерница.

Во меѓувреме се случи и претепување на војник, тоа беше случајот во Дебар. Јас сум свесен дека се можни различни ситуации. Меѓутоа, нас ни се случуваат во серија такви ситуации, што значи дека многу служби, многу сегменти на Министерството не работат како што треба. Не само Министерството за одбрана, туку и во МВР. Бидејќи не сме веќе млада држава, постои ме девет години, поминаа 10, сме имале ситуации на закани или обиди према припадници на Армија, на МВР или према

државата. Меѓутоа, често пати службите успевале на време да предухитрат или пак да бидат подобро организирани единиците и на полицијата и на Министерството за одбрана.

Само да напомнам дека со еден голем проблем што влијае на безбедноста на РМ, тоа е употреба на специјалната единица на Министерството за одбрана позната како "волци" кои, според информациите на Министерството, прв пат се употребени околу случајот на киднапирањето. Ние имаме постојано една порозна граница спрема Република Македонија и СР Југославија, делот кон Косово, каде што според функционери на оваа Влада, во Македонија се шетаа формации, воени формации на ОВК или ОФК, зависи како се изговара, а ова Министерство во ниеден момент не се огласи. Ние имаме одлично истренирана единица, голем дел од нивните припадници се школувани во западните држави или пак инструктори од запад, доаѓале да ги обучат. Значи, ја имаат истата обука како и припадниците на НАТО. Во поранешниот период тие беа едни од столбовите. Тоа беа неколку зони на одбрана на територијата на Република Македонија во случај на инциденти и тие беа постојано на терен. Се има впечаток дека во последната година, година и пол, тие се во касарната и дури во последно време се употребени во случајот околу киднапирањето на четворицата припадници на Армијата на Република Македонија.

На крајот, многу се зборува за доблеста, за честа на министрите, поранешни, сегашни. Сега ќе има дискусии - вие што правевте, овие што прават.

Не можам а да не ја искористам оваа можност околу случајот ТАТ: Беше обвинувана поранешната Влада, поранешните министри. Самите се преслушувавме тогаш кога бевме активисти на партијата во што е проблемот, дали има некој од нас инволвиран? Рековме секој кој е инволвиран треба да сноси одговорност. Меѓутоа, се покажа дека ниту еден од министрите на тогашната Влада не е штедач на ТАТ, но затоа министерот Кљусев е штедач на "ТАТ" со 100 илјади германски марки, со привилегирана камата од 6,5% месечно, што значи 64 илјади марки годишно има повлечено камата од "ТАТ".

Затоа ве молам, кога се зборува за дигнитет, за углед, да се внимава многу повеќе, односно да се внимава кои луѓе се ставаат на министерските места.

На крајот, ги почитувам годините на господинот Кљусев, иако сум помлад би му препорачал самиот да ја разреши оваа ситуација со поднесување на оставка, затоа што, да не бидам "Баба Ванѓа"и така премиерот Љубчо Георгиевски брзо ќе го реконструира, барем ќе биде достоен, сепак бил професор на Универзитетот. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Лазар Китановски.

За збор се јави господинот пратеник Михајло Георгиевски.

**МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, во врска со интерпелацијата за работата на министерот за одбрана во Владата на Република Македонија господинот академик Никола Кљусев потпишана од само 17 пратеници, членови на СДСМ, дозволете да го изразам својот длабок револт и вчудоневиденост од дрскоста и невистините изнесени во неа.

На почеток, дами и господа, сакам во кратки црти да го свртам вашето ценето внимание кон ликот и дејноста на министерот господинот академик Никола Кљусев, потоа за целта на оваа интерпелација и на крајот ќе се осврнам на забелешките што му се припишуваат како грев на господинот министер.

Прво, сакам јасно и гласно да кажам дека господинот министер, академикот Никола Кљусев не е секојдневна и обична личност. Тој е великан на македонската наука и од поновата политичка историја на Македонија. Во областа на науката е еден од врвните економски експерти, признат и докажан во земјата и странство, со објавени повеќе монографии и статии, а учествува и во изработка на голем број анализи, елаборати, студии, проекти и меѓународни микро проекти. Како таков тој е гордост на македонската наука. Неговата величина е длабоко вткаена во најновата политичка историја на Македонија. Тој е прв претседател на Владата на независна и суверена држава Република Македонија од 1991 до 1992 година, со што се вброи во основоположниците на Македонската држава и заседе посебно место во нејзината национална историја.

Целта на оваа интерпелација, јас лично ја доживувам како недостоен атак врз личноста и делото на господинот министер Никола Кљусев. Впрочем, во македонската национална историја е познато како предходниците на СДСМ, а тоа е КПМ, т.е.

Сојузот на комунистите на Македонија, чии продолжувачи се денешните социјалдемократи, се пресметувале со националните македонски великани, како што се Павел Шатев, Методија Андонов - Ченто, Панко Брашнаров и плеада други македонски национални дејци. Сите тие прво беа оцрнети, а потоа и физички ликвидирани од претходниците на поднесувачите на оваа интерпелација што нема ништо суштинско, ни во еден единствен дел за да се оцрни и омаловажи личноста на господинот Никола Кљусев.

Почитувани дами и господа, до кога ние Македонците ќе си ги вадиме очите меѓу себе? До кога ќе се уништуваме и ќе ги омаловажуваме нашите историски личности и великани?

Дали вие, господо поднесувачи на оваа интерпелација мислите дека ВМРО-ДПМНЕ немаше забелешки на работата на господинот бивш претседател на РМ Киро Глигоров и дека не можевме да го оцрнуваме на парламентарните избори и после тоа, како ваш експонент? Но, како што знаете, ВМРО-ДПМНЕ тоа не го направи и сега не го прави од една единствена причина да ги зачуваме во добро сеќавање нашите историски личности.

Ете затоа, господо од СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ со голема доблест и почит го испрати во мирување господинот Киро Глигоров. А вие, без никаков срам и почит изнесовте грст непроверени лаги и брзоплето, веднаш ја поднесовте оваа интерпелација. Но, ајде да ги видиме и искоментираме забелешките наброени во интерпелацијата.

Во првата точка, му забележувате на господинот министер Кљусев дека во неговото министерство примил воени лица. Па, господо пратеници, зарем не ви е јасно дека со стапувањето на воените лица во цивилна функција им престанува воената функција? Воените лица не се родени како воени лица, кои не можат да го променат своето воено занимање во цивилно Тука јас не гледам никаков грев. А, вие сте го ставиле како најважно, под точка еден.

Второ, на господинот министер Кљусев му се забележува дека не му бил добро подготвен Акциониот план за членство на Република Македонија во НАТО во Брисел. Не може да се земе за точно, ако се земат во предвид објективните проблеми што се затечени во Македонија од претходното владеење. Впрочем тоа на 3 мај заврши успешно, како што сите знаеме.

Трето, се обвинува господинот министер Кљусев за некаков шверц со бугарски барут за Србија. За ова нема официјално соопштение од ДБК и врз основа на лични изјави не може да се прави случај и да се обвинува министер.

Четврто, се обвинува министерот за набавка на повеќе луксузни возила од Германија. Во врска со тоа направен е договор, помошта што треба да се даде од Германија во вид на кредит, дадени се возила. Значи, тие се дадени како подарок. Не може да се каже дека е прекршен законот.

Како посебна забелешка во интерпелацијата, министерот Кљусев се обвинува за непотизам. Непотизмот е лоша појава и секако, доколку се докаже, треба да се отстрани.

Ете, господо, тоа се забелешките на господинот министер академикот Никола Кљусев. Поради тоа 17 пратеници на СДС ставија потписи на овој срамен документ за да го оцрнат и плукаат човекот, кој во најтешките моменти од 1991 до 1992 година, како претседател на првата македонска Влада по осамостојувањето на РМ, со својата енергија, знаење и патриотизам го извлече својот народ и го трасира патот по кој одиме сите денеска.

А дали може, почитувани дами и господа да ја заборавиме минатогодишната воена косовска криза и енормно големиот наплив на косовски бегалци во Република Македонија и заслугата на министерот за одбрана, г. Никола Кљусев во зачувувањето на стабилноста и интегритетот на Македонската држава.

На крајот, почитувани дами и господа пратеници, сакам, со цел да го избегнеме овој срамен чин, да го дадам следниот апел:

Господо пратеници од СДСМ, потписници на интерпелацијата, да соберат сила и доблест да ја повлечат интерпелацијата, а на господинот министер, академикот Никола Кљусев да му се извинат. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Михајло Георгиевски за учество во расправата.

За збор се јави господинот пратеник Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, министер, пратеници, гледам некои пратеници сакаат министерот да зборува, веројатно тој ќе зборува кога ќе му дојде редот и кога ќе оцени дека треба да зборува пред вас, така што, предлагам, мојата дискусија помалку да ја сфатите како зборување наместо него, туку повеќе како лична моја дискусија, затоа што, навистина, по повод интерпелацијата сум инспириран да кажам некои свои видувања што, мислам дека не треба да бидат премолчени. Затоа што, како што почна седницата, односно продолжението денеска, односно со извесна доза на театралност и би рекол трагикомичност, така и продолжува во дискусијата, односно објаснувањето на интерпелацијата од страна на членот на СДСМ.

Морам да ви кажам дека во таа насока и треба да се одговори на неколку моменти и сакам да го дадам своето видување како јас гледам на тие работи.

За повеќето моменти, веројатно и министерот ќе најде за сходно да одговори како тој гледа и воопшто нема да се впуштам во некои детали што навлегуваат во поситното, односно попрецизното организирање на Министерството, во насока кој каде е вработен, односно колку роднини и дали роднини се вработени. Ќе поразговарам малку поопшто, затоа што како што е напишано во интерпелацијата, Армијата, по дефиниција симболизира чест, должност и татковина.

Морам да ви кажам, јас сум служел воен рок, јас така ја чувствувам Армијата и ми се чини дека со една ваква интерпелација, во која што многу работи се изнесуваат како невистини, според мое лично согледување, односно ќе повторам, со голема доза на театралност, изнесување на податоци што немаат баш голема поткрепа, навистина се доведува во прашање, се доведуваат во прашање тие постулати: честа, должноста и сакањето на својата татковина.

Јас знам како се чувствуваат тие војници таму кои се наоѓаат на границa. Мислам дека и премногу тешко и премногу тврда е констатацијата во една интерпелација да се наведе или пак во една дискусија да се образложува дека, некои од тие принципи денеска отсуствува во Министерството за одбрана, односно дека отсуствува во Армијата на Република Македонија.

Ако е така јас навистина би бил многу загрижен. И мислам дека кога зборуваме за овие сегменти треба да бидеме малку повнимателни, затоа што ми се чини дека и самото изнесување на многу невистини во многу ќе влијае на единството што го има во Армијата на Република Македонија, или во многу ќе влијае на столбовите, кои што ја воспоставуваат нашата армија. Така што редот на небулозни обвинувања кои што беа поставени, барам министерот да ги одговори, затоа што тие мораат да имаат денеска одговор. Ако останеме без одговор ќе останеме должни на јавноста, а мислам дека има доволно материјал да се одговори на овие прашања. Меѓутоа, јас би сакал пред вас како пратеници и пред целата македонска јавност да го поставам прашањето што станува доколку на невистинити тврдења се изнесат релевантни одговори п заклучиме дека тука некој намерно изнесува невистини. Кој ќе ја понесе тогаш одговорноста?

Затоа што како што рековме армијата навистина претставува столб на оваа држава и со самите вакви дискусии во кои што премногу слободно некои работи ги толкуваме, мислам дека ја доведуваме во прашање истата таа армија. Мислам дека тргнувајќи дел по дел да дадам еден свој краток коментар на наводите, кои што ги има во Интерпелацијата, тоа многу лесно ќе може да се заклучи и ќе се види, дека некои работи се многу надуени и дека се изнесени невистини. Сега мора да ми прости Пратеничката група на СДСМ, изнесени се како еден гол политички маркетинг. Еве ќе ви кажам зошто мислам дека е така.

Јас морам да ви кажам дека не сум стручњак и не можам да кажам за која позиција во Министерството за одбрана кој треба да стои, исто и за тоа веројатно ќе ви одговори министерот. Меѓутоа, можам да ви кажам дека тврдењето што го изнесувате, дека тука требало да бидат воени лица, а ваму требало да бидат цивилни лица, па врз основа на тоа изведувате една генерализација, која што понатаму ја усмерувате баш во насока на тој политички маркетинг, дека ете новата власт еве направи дар мар во Министерството, односно си вработи свои луѓе не почитувајќи ја воената хиерархија, не почитувајќи го кодексот на едно воспоставување на модерна армија, соодветно на НАТО стандардите. Мислам дека многу лесно од една таква констатација, за која што јас не знам дали е вистинита, затоа што врз основа на некои

податоци што овде ги гледам, можам да заклучам и дека не е вистинита. Вие вршите генерализација и таа генерализација нормално финишира, односно ја финализирате со партиски вработувања. А партиските вработувања дами и господа од СДСМ се добро позната работа, која што вие успешно ја користите во текот на овие 18 месеци и нормално оценувајќи дека тоа ви носи поени постојано и постојано ни ја кажувате.

Јас ќе ви кажам, кога веќе има генерализација, а ние минатата седница зборувавме за тоа кога го носевме Законот за предвремено пензионирање, зборував со министерот, мислам дека имате релевантни податоци. За 18 месеци во сите министерства си дозволувам малку да испаднам од темата, меѓутоа ја допира првата точка од Вашата интерпелација, според мое размислување за 18 месеци вработени се 4300 луѓе, за кои што јас ви тврдам дека не се сите .од ВМРО-ДПМНЕ. Ниту го знам процентот колку се од ВМРО-ДПМНЕ, а можам да ви тврдам со најголема одговорност дека луѓе што дошле преку ВМРО-ДПМНЕ и се вработиле во државна администрација, добар дел од нив не се во ВМРО-ДПМНЕ, туку дошле заради лични интереси, заради барање на сопствена среќа. Меѓутоа не е наша работа ние да одиме во детали и да проценуваме колкав е процентот. И само сакам да ви потврдам дека не е голем процентот. Ако ја земете бројката од 97 илјади луѓе кои што ги има државната администрација, 4300 не е ниту 5%. Ако го одземете образованието или здравството, е 6 до 7%, а вие постојано зборувате за партиски вработувања, за партизирање на министерствата, за еден хаос кој што го донесе новата Влада, сите луѓе кои што се внатре се од новата власт, а воглавно бидејќи нападите се насочени кон ВМРО, значи сите луѓе се од ВМРО и готово државата ја превзеде ВМРО. Јас ви гарантирам дека тоа не е така. Тоа го зборував и на претходната интерпелација кога баравте смена на министерот за образование, тогашен господинот Новковски, истото го користевте за партизирање на државниот апарат. Министерството за одбрана е дел од тој апарат и си дозволив мала дигресија, за да ви кажам дека аргументите се уште ги гледам како исти.

Ви тврдам дека до Собранието на Република Македонија, во која сакате институција, ниту има ВМРО-вци, ниту сме вработувале ВМРО-вци, ниту пак многу го симпатизираат ВМРО. Што мислите дека ние тоа не го чувствуваме?

Мислам дека еднаш засекогаш веќе треба да престанете со користење на тие аргументи, дека во вработувањето се оди максимално по партиски клуч. Еве во Министерството за одбрана не знам ВМРО-вци, војводи, дошле таму, комити, не знам кои и готово сега Министерството е цело партиски за ВМРО-ДПМНЕ, а согласно тоа тие се нестручни, значи ако се од ВМРО тие се нестручни н значи готово, државата пропаѓа. Мислам дека не ви се многу стручни интерпретациите и дека многу не држат. Мислам дека македонската јавност веќе може да ги прозре тие ваши аргументи и мислам дека конечно после уште неколку вакви дискусии ќе почнете и контра ефект за вас да создавате, затоа што бројките се многу јасни. Кој како сака нека ги изведе, повеќе од 5% луѓе не влегле во администрацијата. И сите нека се од ВМРО. Другите 95%, ги примавме ли кога бевте опозиција или пак некој од вас да ми тврди дека вие не примавте со партиска книшка, или дека луѓето што ги вработуваше претходната гарнитура, не знам која не е битно, бидејќи господинот Кљусев беше премиер, дека тоа биле стручњаци. И само стручњаци.

Тука ќе завршам со првата констатација, зошто не држи да се генерализира партизирање на Министерството, или на министерствата и аргументот на стручноста.

Второ, можеби од тука бев и најмногу испровоциран да дискутирам. Вие велите, во Брисел, дека акциониот план на овој министер за членството на Македонија во НАТО доживеа фијаско. Многу лесно се препознава маркетингот и мислам дека ќе беше многу почесно од вас како предлагачи на интерпелацијата да кажете: во ред, имаме 6 нови точки на овие пет да додадеме, ама точка 2 ќе ја повлечеме од интерпелацијата.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:** (Продолжение)

Затоа што сите знаеме, барем јас имам таква информација, не знам дали вие имате некои други информации дека акциониот план беше прифатен. Не е прифатен? Тогаш јас го молам министерот за одбрана да ни достави информација на нас пратениците, што се случува со тој акционен план. Затоа што јас знам дека е прифатен, го видовме тоа во весниците, а за многу од нас, а најмногу за опозицијата, весниците, односно спектакуларните наслови во весниците се мерило. Тоа ќе го покажам со еден нареден пример, ќе дојдам

до тоа. Значи мислам дека едноставно еве ако весниците и она што јавноста го знае не е мерило, нека ни одговори министерот.

Исто така момент за кој што сакам да дискутирам е како што го рече господинот Китановски киднапирањето договорено од државниот врв, за кое што сите даваат изјави дека ништо не знаат и граѓанинот Трајковски дава изјави дека не знае. Прво, е една мала логичка замка господине Китановски, граѓанинот Трајковски ако е за вас граѓанин, не е должен да знае, а ако е претседател на држава како што е и врховен командант на Армијата, должен е да знае. И претпоставувам дека како што гледам од тука се свесни дека намерно упаѓате во таа замка и побрзо, или можеби ќе издржите уште некое време, подобро ќе биде и за вас и за целата оваа држава, бидејќи во интерпелацијата споменувате чест, должност и татковина за Армијата, да го признаете Врховниот командант на таа држава. Затоа што во спротивно, а гледам дека не се сложувате со ова што ви го предлагам, во спротивно вие сте тие што ја доведоа државата во прашање, затоа што ја доведувате институцијата главната, врховната институција, првата алка во синџирот на армијата во прашање. Јас да ви кажам, вие односот кон граѓанинот Трајковски каков имате, тоа апсолутно не не интересира. Вие можете колку сакате да не го сакате тој човек и да тврдите вака или онака, меѓутоа ако направиме една мала дигресија, јас би ви рекол по народски "од стап со кој што тепавте, добивте ќотек". 1994 и 1999 година, ако ништо друго се многу слични како изборни години. Мислам дека знаете што сакам да ви кажам со тоа.

Господине Поповски, вие кога ќе признаете, тогаш можеме да разговараме за се друго. Вие кога ќе признаете можеме да разговараме за се. Значи ова беше по небитниот момент, ќе ми простите што сум долг, ова не ми е својствено, меѓутоа многу ме инспирираше претходната дискусија и сакам да ги кажам сите работи што ми паѓаат на памет.

Киднапирање договорено од државен врв. За мене тоа е многу тешка констатација. Значи вие тврдите дека државниот врв се договорил со некои терористи да ни ги киднапираат војниците. Па јас мислам ова отстапува од секаква логика и од секакво нормално размислување. Внимавајте сега вие не само што ја доведувате во прашање функцијата врховен командант и претседател на држава, вие доведувате во прашање и Влада и сите останати институции на државата. Па како сакате ние да ви веруваме во вашите искрени намери пред било која ваша активност и во Парламент и надвор од Парламент дека вие ја сакате оваа држава. Јас на пример никако не можам да прифатам дека некој од наша страна можел да се договори за некој да ни ги киднапира војниците. А да ви кажам, ако зборуваме хипотетички, ако некој киднапирал наши војници незнам кој, соседна држава, терористичка организација, некои лудаци излегле на улица па киднапирале војници, било кое барање тие да го постават на оваа држава што се тангира до нивните животи, значи зборувам во хипотеза, за мене би било прифатливо, затоа што знаете, земете ги САД, животот на еден човек на таа држава е неприкосновен, а станува збор во овој пример кој што вас толку многу ви беше интересен за четири војници. И што требало некој да направи во случај да се случело ова за кое што јас не верувам дека се случило. Што требало да направи? Да каже, нас не не интересираат нашите војници. Па јас не знам како не можете вие таа логика да ја видите. И на крајот на краиштата, знаете јас сум по убедување демократ, верувам во голема слобода на медиумите, меѓутоа, таа фама што се создаде, како се издува, ќе ми одговори ли некој од вас. Се издува со тоа што тој извесната персона дојде и го подигна решението за суд и од тогаш сите престанаа да зборуваат. Нели, тој тука некаде бил, јас не знам, ниту го следам, ниту ме интересира каде е, знам дека дошол во државата, или дошол во судот, го подигнал обвинението. Претпоставувам дека се сложувате со тоа, тоа го видовме во медиумите. Па тоа не сакам јас да го расчистувам, за тоа има релевантни институции во државата што ќе го расчистуваат, дали е прв, или е друг, или е трет. Меѓутоа, морам да ви кажам дека, јас не сакам да се сомневам во вашите искрени намери дека вие ја сакате Македонија.

Меѓутоа, ова што го правите малку треба да бидете повнимателни во чекорите што ги влечете. Згора на тоа на киднапирањето, мислам дека доволно зборував за киднапирањето, згора на киднапирањето еве го спомнавте и случајот македонски војник бил претепан, што јас длабоко жалам како пратеник, како граѓанин на Република Македонија. Мислам дека е неприфатливо еден војник наш припадник на Армија на Република Македонија да му биде животот загрозен, или да му биде доведен во прашање. Знам,

како што реков сум служел војска, знам што значи да се почитува своја татковина, знам како се чувствуваат тие војници таму и целиот респект од мене кон тие војници.

Меѓутоа, што сакате сега вие со ова што го кажувате, претепување на војник, дека ова е прв случај што се случил? Јас сакам контра на ова, не знам дали ќе биде во состојба министерот да ми одговори сега, би сакал написмено да добијам. Откако е осамостоена Република Македонија од 1992 година од формирање на армија, број на инциденти по години, значи по години сакам број на инциденти, да видиме имали ли киднапирања, тепања, ако добиваме тајни информации може имало и убиства, затоа што знаеме што им се случува на луѓето што ја чуваат границата, не само во Македонија, туку секаде во светот киднапираат војници. Сакате да ви дадам примери, не знам еве во моментот што ми текна на Скадарско Езеро, кога дури штафетата е украдена на Југославија, па тоа е чувано 30 години во тајност, кога чамецот е украден со се војниците. Значи инциденти се случуваат многу. Не знам дали е благодарен примерот да се прави паралела, меѓутоа сакам да видам дали откако дојде ВМРО-ДПМНЕ на власт војниците никој не ги почитува, ги тепаат на граница и ги киднапираат, или не знам што, или е тоа само едно тврдење кое што можам да го сведам во рамките на една небулоза, како ништо друго освен како гол политички маркетинг.

Јас сум убеден дека во сите овие години откако ја востановувавме државата и откако имаме наши граничари дека имало инциденти. И ве молам немојте такви моменти да ги користите за ваква интерпелација. Јас знам дека сте незадоволни од министерот, можеби и некој од нас е незадоволен, меѓутоа, вака создавање на критериум пред македонската јавност, вакво изнесување на податоци штети и за Владата и за вас и за државата и за армијата и за сите. И затоа мислам дека не ви држат обвинувања и морав да ви го кажам тоа.

Исто така сакам и одговор, односно веќе зборував за обвинувањата дека некој ги држи волците во касарна 18 месеци. Значи, ова е солидно изграден систем на напад од ваша страна врз министерот. Меѓутоа, ако јас го прифатам како релевантен за мене, тоа значи дека некој сака да ја уништи оваа држава, а јас не можам да се сложам дека е тоа така, или пак ако е така, јас никогаш нема да можам да се сложам со тоа. Затоа сакам да се одговори на тоа и мислам дека министерот ќе има солидна аргументација и не верувам ни дека е точно дека некој елитната единица на Македонија, како што вие рековте ја држи со сила во касарна 18 месеци. Прво јас лично ги видов кај Владата кога беше косовската криза. Значи паѓа во вода на прв момент. Па дали им е единствена формациска определба тие да бидат на граница, господине поранешен министер за одбрана?

Вие добро знаете дека не им е единствена формациска задача, вие добро знаете дека елитните единици се употребуваат не само на граница. Тоа што го тврдите вие јас ќе ви кажам дека повторно зборува за тоа колку вие ја почитувате оваа држава. А за македонската јавност, бидејќи вас не ве слуша вие рековте сега во овој момент, држете ги вие пред влада само и се ќе биде во ред. Владата е институција на системот и ние не ги држевме волците, или тој што им даде наредба пред Влада за да го чуваат министерот или за да го чуваат по име и презиме било кој што се наоѓа во таа зграда, туку ја чува институцијата на системот. И вие ги чувавте така институциите на системот. Да ве потсетам во 1994 година кога протестираше ВМРО и Демократска партија, имавте три реда на полицајци овде со панцири. Тоа беа од внатрешни, овие се од надворешни, меѓутоа, паралелата е следна, вие ги чувавте институциите на системот, стававте барикади, тоа нели за вас беше прифатливо, а сега другите го прават како небулоза.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:** (Продолжение)

Па, да ве потсетам зошто беа пред Владата, затоа што, иако јас не сум многу надлежен за воен сектор, меѓутоа, по здрава логика, затоа што ме интересира одбраната на државата, затоа што таа, согласно и вашата интерпелација претставува чест, должност не само на оние кои се во Армијата, туку и на сите граѓани, јас мислам дека беше многу логично, кога имаше воена интервенција на Косово, кога внатре во државата беа инструментализирани многу стари алки за да се вовлече Македонија во конфликт, многу беше нормално да се чува една институција на системот. И, што е тука проблемот? Демек, чуваат ВМРО-вци и затоа треба да ги уништиме институциите на системот па да не постои државата? Па, јас не ве разбирам, навистина.

Значи, ви одговара дека не е точно дека "волците" се во касарна, според она јас што сум го видел, а нека повели, нека одговори министерот. Мислам дека и тој ќе

ве увери дека не е точно. Навистина се опасни констатациите дека некој намерно ги прави овие работи.

Најсетне, пред да ги прочитам, верувам дека ова е релевантна книга, ако вие се сомневате, кажете во вашите дискусии, пред да ги прочитам донациите на оружје и воена опрема во 1999 година, уште една мала дигресија, меѓутоа одговор на она што го кажа г. Китановски.

За ТАТ. како ќе заврши процесот воопшто не сум загрижен, затоа што ниту имам нешто со ТАТ, ниту пак едноставно мислам дека треба да се одолговлекува. Кој што имал во ТАТ, судот ќе каже. Меѓутоа, господине Китановски, морам да ве потсетам една работа, бидејќи вие го спомнавте ТАТ. Откако изби аферата, вие потоа 18 месеци бевте на власт. Ако толку бевте загрижени кој бил внатре, а кој не бил внатре, можевте во 18 месеци некои работи многу полесно да решите и да се справите со октоподот, отколку сега да приговарате. Мислам дека процесот и при крај, на ТАТ и нема потреба повторно да го враќаме вака театрално, на говорницата од овој Парламент. Тој и така и така, ќе заврши. Кој е виновен ќе оди во затвор или ќе плаќа штети, казни, што јас знам. Меѓутоа, добро позната работа е дека се обидувате сите моменти да ги искористите за партиски маркетинг. Не заборавајте дека, барем она што го знам јас, најмногу од кај вас имаше кои таму одеа со тренерки, па кои ги имаа на тие списоци на привилегирани и понатаму. Нема потреба да го враќаме тој случај. Тој случај ќе биде решен.

Јас, да ви кажам, ако се утврди дека министер или пратеник бил виновен од ВМРО или СДСМ, зошто мислите дека ќе избега од одговорност? Јас сум првиот кој мисли дека треба секој да одговара и никој не е помалку еднаков од сите нас пред законот. Само, единствено маркетинг можам да препознам и јас не ви забележувам. Вие имате право да се рекламирате, како што го правите тоа многу умешно во овие 18 месеци. Јас ви признавам дека тоа многу умешно го правите. Меѓутоа, мислам дека дојде време, дека треба да почнеме да викаме одговараме на сите работи во детаљи и по еден час ако треба, па ќе видиме кој ќе издржи.

Донации на оружје и воена опрема во 1999 година. Јас уште еднаш сметам дека е ова релевантно. Ако не е релевантно, нека биде повлечено, нека се спори и едноставно биде доведено во прашање. А, ќе ги прочитам од една проста причина да ви кажам, што не спорам дека некој претходно ја градел Армијата, но мислам дека може да ги прочитам овие податоци. Не се тајни, така? Јас сакам да ги прочитам пред македонската јавност. Не знам дали можам да ги прочитам? Не знам кој степен на тајност имаат?.

Меѓутоа, претпоставувам дека не е. Ќе издвојам само неколку моменти. А, ако сакате, можеме да правиме и споредби. Меѓутоа, мислам дека е неблагодарно, никој не сака да го спори она што некој го направил претходно, затоа што, по стоти пат ќе повторам не ми е тешко, се надевам и на тие кои ме слушаат не им е премногу тешко да го слушнат, Армијата колку ви значи вам, барем толку и нам ни значи. Ако сме ние вие, тие, ако се делиме по некаква таква основа и не можете вие со ваши дискусии да излегувате и да кажувате - овие ја уништија Армијата, значи не ја сакаат државата и ние вака да премолчиме. Сто пати ќе излезам ќе дискутирам. Со тоа нема да го спорам она што вие го направивте. Но дајте, имајте доблест, не го спорете она што сега се прави.

Не знам, 36 хаубици од 105 мм., 703 митралези 7,62 мм., колку тенкови, колку се е донесено. Може ли да го направи некој тоа, кој не ја сака оваа држава? Многу просто прашање.

Иако вие, сега јас ако употребувам реторика што вие ја употребувате, можам многу лесно да кажам дека вие не ја саката оваа држава. Па, после ќе спориме, вие ќе речете не, ние сме во право, ние ја сакаме. Дајте, да не се надмудруваме кој повеќе ја сака оваа држава. Не верувам дека има предавници во Министерството за одбрана, не верувам дека има предавници во Владата, не верувам дека има предавници кај пратениците од оваа страна. Од таа страна вие расчистете, не сакам да ве напаѓам, меѓутоа, мислам дека со ова што го изнесов, многу од аргументите ви доведов во прашање и, се надевам дека ќе имате доблест да ги прифатите. Ако сакате да се надмудруваме, ќе се надмудруваме три дена овде. Има за што да се зборува. Овде извадивме само неколку податоци и неколку работи прескокнав, затоа што мислам, ќе треба сепак џентлменски да му оставиме на министерот за одбрана да каже. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Филип Петровски.

Господинот пратеник Благој Ханџиски бара реплика.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Како потписник на интерпелацијата, со оглед на тоа што јавно колегата Петровски го искажа на говорница, сакам да укажам на тоа дека никаде во интерпелацијата не пишува дали актуелниот министер за одбрана, академик Кљусев ја сака или не ја сака Република Македонија. Ниту пак слушнав во досегашната дискусија некој да го постави тоа прашање.

Според тоа, тоа не треба воопшто да се дискутира и не треба да се припишува дека е предмет на интерпелацијата или дека било кој, повторувам. Било кој го доведува тоа во прашање. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Филип Петровски се јави за реплика.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Еве, да ви кажам дека не ви е основана забелешката.

Што вие сте напишале во интерпелацијата:

"Армијата, по дефиниција, симболизира чест, должност и татковина. Тогаш може да се каже дека таа не е создадена да продуцира афери и скандали и дека со отсуството на само еден од горе споменатите принципи, таа го губи епитетот на гарант на безбедноста на државата".

Морам да ви кажам дека ова мене ми е сосема јасно, сосема ми е јасно со ова што сакате да кажете. Дека отсуствува нешто од ова и дека импликација, ако тогаш следува, едноставно нешто од ова навистина фали што го засили господинот кој ја образложуваше вашата интерпелација со зборови. Да не се надмудруваме околу тоа.

Несреќно ви е сложена интерпелацијата. И, помирете се со тоа. Јас ви кажувам има, јас ќе бидам доблесен, бидете и вие, еве, ќе дадеме прв чекор. Има работи што и нема не ми се допаѓаат. Но, тоа не значи дека вие можете да излезете и да кажете дека Армијата го губи епитетот на гарант на безбедноста на државата. Па, вие ако сакате да го тепате министерот, односно да го ставите во "ќоше" или не знам што, можеби требаше да се сконцентрирате на некои други работи, не знам кои се, меѓутоа, требаше да бидете многу повнимателни кога ги составувавте овие реченици што ви се како што знам, еве условно речено, како преамбула. Ги доведувате во прашање сите валидни документи што ги има Армијата, и не можам да се согласам со тоа.

Ве молам да ми простите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Филип Петровски.

Пореди реплика повторно бара збор господинот Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Му се заблагодарувам на колегата Петровски, што цитирајќи ја, како што самиот рече преамбулата од интерпелацијата, токму докажа дека, ама баш по ниту еден основ не може да се извлече заклучок од тоа дека тие кои ја поднеле интерпелацијата си земаат за право да тврдат дека било кој, а во овој случај министерот за одбрана Кљусев не ја сака Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Повелете господине Филип Петровски, имате право на уште една реплика.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Еве, сега ја читавме преамбулата, иако премногу време му дадовме на текстот, сега ќе ви кажам каде пак, во уште два моменти индиректно тврдите дека, можеби мојот збор "предавник" е премногу силен за вас. Меѓутоа, на што сакате да ја наведете македонската јавност "киднапирање договорено од државниот врв", тоа може само предавник да го направи, според мене и "Волци се држат во касарна 18 месеци", што ми се чини дека докажав дека не е вистинито. Но, ваше беше тврдењето дека ги држиме, односно дека ги држат во касарна 18 месеци. Тоа индиректно имплицира дека некој ја повлекува ударната сила, ја прави границата порозна, како што сами рековте, а со тоа, за мене е предавник. Мислам дека тие два моменти, едноставно поткрепени со почетокот на интерпелацијата, многу јасно укажуваат која е вашата намера.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам за учество во репликата.

Господине Китановски, вие како потписник сакате да учествувате?

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Пратеникот од ВМРО-ДПМНЕ очигледно сака да ја сврти дискусијата на сосема друг колосек, што воопшто не одговара на интерпелацијата.

Но, секако ќе мора да му одговорам.

Најнапред, не е дискусијата кој колку ја сака државата. Имате вие системи, во Јужна Америка, скандалозни влади и

никој не вели дека не ја сака државата. Но, тоа не е проблем.

Проблем е дали една Влада, едно министерство, еден министер со своите постапки ќе го јакне угледот на државата и на министерството со кое раководи? Може со постапки, со знаење или со незнаење, со неумеење, некогаш можеби и со зло намера, во некои случаи да се случи тоа министерство да изгуби од својот углед.

Само ќе ве потсетам, имаше писмо од граѓани, мајки на Република Македонија, објавено во весник кои беа загрижени за состојбата «а нивните деца. Се чувствува една општа несигурност. Имаше, при една мобилизација во еден град каде се побунија родителите не за тоа што не ги праќаат децата во мобилизација околу Косово, кога беше случајот, туку затоа што некои припадници на ВМРО дошле и си ги вратиле децата дома.

Тогаш реагираа сите граѓани дека не можат младите луѓе да се мобилизираат по партиска припадност.

Ако сака г. Петровски, јас можам уште да зборувам.

Меѓутоа, не беше тоа смислата на оваа интерпелација.

За Волците, тогаш државме седници на Собранието таму. Јас случајно поминав, се поздравив, ги знам, ги почитувам - Што барате овде? Рекоа - Тука не пратија, не сме на граница. А, почна кризата. Почна префрлување на ОВК единици, на територијата на Република Македонија, во изјавата на министерот од оваа Влада.

Се согласувам дека институцијата треба да се брани. Меѓутоа, имаа посебни полициски сили. Армијата треба да е на границите кога е во опасност територијата на Република Македонија. А тогаш беше во опасност на повеќе начини.

Затоа сакам да кажам, не ме влечете за јазик, сакам да укажам на недостатоците во случајот што се во министерството, со цел некој да понесе политички консеквенции. Ако сакаме да зборуваме за предавство или други работи, тоа не е тема на оваа денешна расправа. Не се навлекувајте сами на оваа тема. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Лазар Китановски.

За збор се јави г. пратеник Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, дозволете ми уште на почетокот да направам една дигресија, истовремено и добар амбиент за дискусија да се обидам да создадам. Како што почнаа обвинувањата кој колку ја сака државата помеѓу ВМРО-ДПМНЕ, по се изгледа дека ние Албанците најмногу ја сакаме.

Не е трагично ако се поднесе една интерпелација за еден член од Владата на Република Македонија, посебно ние пратениците не треба да го сфатиме така, затоа што ова е сепак една добра можност да се покаже и силата и авторитетот на Парламентот, дека може да расправа за дел од извршната власт во Република Македонија. Така што, мислам дека треба да се концентрираме на тоа секој од свој аспект, како пратеник или како претставник од пратеничка група да ги даде своите сугестии, своите незадоволства. А, таму каде што е добро, да се каже дека е добро работено и т.н.

Се сеќавате дека уште во 1999 година, како пратеничка група поднесовме интерпелацијата за работата на член на Владата, на министерот за одбрана г. Никола Кљусев. Во меѓувреме таа интерпелација беше повлечена, затоа што некаде во почетокот на 1999 година, со фактот дека тогаш започнаа НАТО - бомбардирањата, кризата на Косово, ескалација на кризата на Косово, така што, како пратеничка група ценевме и како партија, дека тогаш не беше времето да се создаваат уште повеќе интенции, да се создава атмосфера што би создала уште нервози и непредвидени ситуации. Затоа мислам дека добро направивме што тогаш ја повлековме интерпелацијата.

Денеска пак имаме една интерпелација на дневен ред, каде што ни се дава можност да ги кажеме и нашите констатации и нашите оценки за работата на членот на Владата, тоа е министерот за одбрана господинот Кљусев.

Прво, што се однесува до нашата определба за интеграција во Евроатланските структури, во овој случај во НАТО структурите, во ЕУ и други, сметаме, како пратеничка група цениме дека не се преземени сите мерки за зачленување во НАТО. Односно во од се направени грешки се направени грешки и ние мислиме дека треба ги кажеме.

Значи, не се придржувал министерот односно раководниот кадар што го определува министерот, не се придржуваше

на определба за создавање мала, ефикасна и економски издржана армија. Без разлика што некој може да каже - па еве, помина Акциониот план, меѓутоа, верувам дека од тие информации што ги имаме како пратеничка група и политичка партија и јас, мислам дека сепак сугерирано е зошто тоа не се прави поефикасно и не се прави на време и тие сугерирања веќе се дадени.

Исто така, место да се купува односно да се снабдува Армијата со технологија што е компатибилна на НАТО, овие години, односно откога е ма чело на ова Министерство за одбрана господинот Кљусев, земено е, не знам по кој основ и на каков начин, оружје што не е компатибилно со стандардите на НАТО. Земено е од соседна земја, дури можам да кажам од соседни земји што, на еден начин се ослободуваат од тоа што значи оружје не одговара на НАТО стандардите. Ние, на еден начин станавме депонија на оружје што не може да се применува, односно го забавува одот кон тоа што значи интеграција во НАТО структурите.

Другите проблеми што би ги навел и во име на пратеничката група, господинот Кљусев, уште пред да ја преземе функцијата министер за одбрана уште тогаш имавме забелешки, затоа што уште кога беше на еден така наречен Совет на интелектуалци на ВМРО-ДПМНЕ, беше еден од идеолозите, заедно со мислам генералот во пензија господинот Митревски, беа идеолози за еднонационална армија, што не одговара ниту на националната структура на Република Македонија, ниту на стандардите на НАТО што ги пропишува.

Според нашите оценки, уште тогаш не требаше да се назначи, не требаше да се постави како министер за таа работа.

Откога е министер г-динот Кљусев, се разбира министер за одбрана создадена е и доста меѓунационална нетрпеливост и меѓу старешините и војниците и меѓу самите војници. Тоа впрочем го докажува и самиот факт дека се случуваат многу често инциденти, па дури и убиства меѓу војниците, а тоа веќе ни дава до знаење дека работите сепак не се како што треба во Министерството за одбрана, односно во АРМ. Симболичното претставување на Албанци во раководниот кадар на Министерството за одбрана, Генерал штабот и структурите на АРМ, уште повеќе е влошена откога е министер г-динот Кљусев. Сите информации ни кажуваат, барем тие што се достапни до нас дека од неговото доаѓање во Министерството за одбрана, нема ниту едно именување во раководниот кадар во Министерството за одбрана, се разбира само по партиски клуч, што имаме таму еден заменик министер за одбрана. Скоро сите командни личности од АРМ од редот на старешини Албанци се сменети во времето кога е министерот Кљусев на чело на оваа институција. И не е именуван, ниту поставен ниеден друг старешина на едно командно место. Јас од информациите што ги имам можам да илустрирам, да речеме имавме еден командант на една касарна, касарната во Велес и тоа командант полковник, кој заврши специјализација, односно специјализации на НАТО заедно со други старешини, по сите информации бил најдобар, не меѓу најдобрите, туку најдобар старешина, а сменет е од г-динот Кљусев, денеска не е ни командант на таа касарна. Во Генерал штабот, под тоа што значи квалификација и чин, тоа што значи знаење исто така, направена е неправда кон еден тој единствен генерал што е поставен, односно во Генерал штабот на АРМ. Исто така, и во другите структури на Армијата не се поставени луѓето спрема тоа што одговара на чинот и квалификациите, знаењата, но се поставени во ранг каде што не одговара на чинот. Велам кога се во прашање офицери т.е. Албанци. И тоа после е голема пречка за нивното унапредување понатаму, затоа што таа систематизација, таа поставеност не им дозволува со поминување на месеци или години тие да стигнат до заслужените армиски чинови и т.н.

Има проблеми и од обичниот живот на војниците во армијата, во однос на тоа користење на нивни граѓански и национални права. Иако е договорено однапред и од времето и кога бевме во коалиција, договорено беше да се дистрибуира печатот, односно печатот на албански јазик. Сите информации сега кажуваат дека до касарните, односно до војниците не стигнува печатот на мајчин јазик.

За време на НАТО интервенцијата на Косово, г-динот Никола Кљусев се сеќаваме беше и претседател на кризниот штаб на Владата на РМ, поставен од Владата на РМ, се разбира и како министер за одбрана. Многу од тие седници на тој штаб, кризен штаб за среќа беа јавно пренесувани од медиумите и ја видовме целата таа дрскост на г-динот Кљусев и морам да ви кажам дека како човек понекогаш и јас се срамев пред таа јавност, кога беше многу присутна тогаш во Република Македонија, кога имаше претставници тука и од НАТО и кога речникот на еден министер и на еден

претседател на тој Кризен штаб, навистина не доликуваше на тоа што значи и министер и претседател на тој Кризен штаб и т.н. Се сеќавам еднаш како дрско и на кој начин му се обрати на заменикот министер за здравство, кој беше истовремено и член на тој Кризен штаб. После неговите изјави и неговите ставови во однос на депортираните Албанци од Косово, односно бегалците. Тие беа ставови кои иритираа, ставови кои дури често пати не кореспондираа со ставот и на Владата на РМ. И тоа создаваше дополнително нервози, кои веројатно влијаеја и во општата состојба во Република Македонија.

Исто така мораме да го спомнеме и тоа што се случи за овие години додека е министер за одбрана г-динот Кљусев, на границите, сите тие инциденти, колку жртви паднаа само на границата со Албанија. Не велам војници, цивилни граѓани и колку ноти добивме од тоа и т.н. Мислам, сите тие се случувања додека е министер г-динот Кљусев.

Да не ги набројувам, затоа што и така се набројуваат во интерпелацијата секојдневните афери. Непотизмот, мислам дека тоа е многу точно и веќе со име и презиме се кажани работите и тука не можеме ние тоа да го одречеме, или да кажеме дека не е така, затоа што фактите кажуваат, информациите се многу точни и многу потврдени. Возилата, мерцедесите и т.н., а некои информации кажуваат можеби еве, некој ќе рече, па од каде се информации?

Има такви информации, дека војниците во последно време немаат ниту чизми да облечат, а во Министерството за одбрана имаме еден луксуз, имаме такви луксузни возила и луксузно однесување, што навистина не кореспондира со тоа што значи сепак реалност во АРМ. Така што земајќи ги во предвид сите овие наши и согледувања и наши констатации и наши оценки за се што се случува во АРМ, пратеничката група на ПДП смета дека постои основа за утврдување политичка одговорност за работата на министерот за одбрана на РМ г-динот Никола Кљусев. Се разбира дека одредени пратеници од мојата пратеничка група ќе изнесат и други факти и други оценки, се разбира слични кои се однесуваат за работата на министерот Кљусев. А не го спориме тоа што се успеси кои понекогаш ги налага самиот протокол на однесување на еден министер. Јас и мојата пратеничка група се согласуваме, дека сето тоа што е пишувано во таа книга што ја имаме пред себе тие се точни работи, мислам сите тие контакти и сите тие доаѓања на разни личности и компетентни се разбира светски и европски, сите тие средби, но тие се работи кои можат да му се случуваат и на некој друг дотечен министер, кој може да биде на чело на Министерството за одбрана.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас имам процедурална забелешка.

Почитуван претседателе, колеги, г-дин министер, еве подолго време е поднесена интерпелацијата. Г-динот министер имаше право, можност да даде писмен одговор за наводите во интерпелацијата. Ние го немавме тоа задоволство. Јас очекував барем на почетокот на расправата г-динот министер да даде свој одговор во усмена форма за наводите во интерпелацијата за да можеме навистина и поефикасно да работиме. Бидете сигурно доколку се обрати министерот на крајот од расправата од пратениците , дека тоа ќе предизвика многу реакции од пратениците. И би било многу подобро доколку се согласи министерот да го даде своето мислење за наводите во интерпелацијата и да продолжиме со расправата за да не би повторно пратениците кои што учествуваа во расправата да искажуваат свои погледи и мислења по ставот на г-динот министер се разбира ако се согласува министерот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Тито Петковски за процедуралната сугестија.

Дали некој бара збор.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Бидејќи денеска е на дневен ред интерпелација на министерот одбрана, јас мислам дека е во ред да искажам некои работи кои се случуваат во РМ, да искажам некои работи што се однесуваат на ромската националност, а за другите националности што служат во АРМ немам сознание, туку имам од многу граѓани и од многу родители и од странство и од многу родители и од странство и од РМ написмено добиено, дали министерот за одбрана на РМ има дадено наредба, потерници, во времето на Југославија кои не се пријавиле, кои биле надвор од Македонија, вон Југославија во тоа време, кои сега имаат 32, 35, 30 години и доаѓаат од странство, работат во странство и тоа е револт од страна на сите роми во Република Македонија и оние кои работат во странство за кои едноставно знаете дека во времето на кризата во времето на растурањето на Југославија, со

создавањето на РМ знаете дека многу азиланти отидоа од РМ роми во разни држави, во Белгија, во Германија, секаде каде што можеа да се снајдат, кои што отидоа заради економската криза, бидејќи знаете кој колапс беше во РМ, ја напуштија РМ и бараа азил во другите држави. И од тогаш нормално тие требаше да служат во ЈНА, сега имаме наша АРМ. Сакам тоа да се знае за јавноста, дали потерниците, оние кои доаѓаат од странство, ќе стигнат на аеродром, ќе стигнат на граница, ги земаат директно и ги притвораат. Ова мислам дека за јавноста е интересно, и интересно е и за другите граѓани вработени надвор од РМ, не само за ромска националност и сакам да знам дали ова се однесува само за ромите, или се однесува за сите граѓани на Република Македонија кои не го отслужиле воениот рок, до кога треба, како треба, што треба. Тоа е многу голема работа, затоа што ромите не сакаат да доаѓаат од странство на годишен одмор. Тие се јавуваат кај мене како пратеник, нормално не можам да го искористам како пратеничко прашање. Минатиот пат знаете дека поставив пратеничко прашање, нормално барав проценти колку роми , колку од секоја националност и колку служат во РМ, колку војници треба да има. Имам сознание дека повеќе земаат од ромската националност во АРМ. Сега сакам да знам колку служат тоа е голема работа затоа што другите студираат, другите ги нема, ајде сега нема кого да земеме во армија, да собираме 16, 17,18, 19 годишни деца неискусни кои ништо не знаат во животот и нормално ќе има и киднапирање и убивање и незнаење со раководење со оружје и сами себе да се убиваат, не знаејќи да раководат со оружјето. Значи моето обраќање беше, дали министерот има покренато по негово барање во МВР и преку Министерството за правда, дали преку него е ова што овие потерници се дадени и луѓето од граници ги земаат и директно ги носат во затвор. Јас лично го имам ова сознание. Имам добиено написмено, има роми кои веќе биле во затвор и со помош на адвокати сме ги извадиле од затвор. Мислам дека има и од други националности. Јас не би сакал тоа да им се случува на националностите во РМ. Во РМ треба да се знае од толку до толку е служење на воениот рок во АРМ во РМ, а не може сега да толкуваме, толку, олку, онолку.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-динот министер за одбрана Никола Кљусев.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Почитуван г-дин претседателе, почитувани пратеници, во мојот подолг живот имам многу слушано бучни говори и се прашувам што е тоа што некои други ги стимулира да зборуваат, а зад нив да не стојат факти. И чисто колегијално се обраќам кон колегата Китановски. Беше доблесно да не се јавеше тој прв од името на поднесувачите на интерпелацијата и тоа од причина што тој беше претходен министер за кој јас имав доблест многу работи да не ги кажам во јавноста што ми остави во наследство. Јас тоа не сакам да го кажам и сега, иако инспекциските органи и вашата анкетна комисија исфрлија некои работи на виделина кои се многу грозни, многу сурови и точни за кои јас можам само да илустрирам некој пример, но и како интелектуалец, како твој  универзитетски колега обрнувам внимание зошто баш тој се најде како професор на Универзитетот без факти да поткрепува  некоја интерпелација која навистина  станува епизодна, а јас ќе се обидам да укажам зошто е епизодна. Затоа што не можам да препознам ништо точно, ништо кое што може да ме засрами, или да покрене кај мене некое чувство на одговорност. Кога се нафатив  да бидам на чело на ова Министерство, мене ме побудија неколку мотиви, иако се разбира не го прифатив веднаш.

Прво, што јас сум еден од основачите на Македонската армија. Сум бил учесник од 15 до 17 години во таа армија уште како дете.

Второ, јас сум бил еден од оние кои ја формираа оваа Армија, како премиер на Република Македонија. Можно ли е, од нечии усти да се слуша дека тој човек ќе биде кој ќе ги однесе војниците на граница и ќе ги предаде да ги киднапираа, за да се трампа нешто. Можна ли е таква, не би рекол, не би сакал да кажам глупост, но можно ли е така да се помисли!

Секако, моето достоинство е поголемо од било какви изнесени тука ставови на партијата на СДСМ. Но, сепак би сакал да укажам на некои работи.

Се спомнуваат многубројни афери, скандали што станаа секојдневни појави, од кои што граѓаните, така се вели, имаат чувство на несигурност. Па, замислете, дури читам потпишани некои мајки, зад кои сигурно стои некој новинар, да ги повикуваат своите деца да не ги пуштаат во Армијата. Можно ли  е да доаѓаме до тоа ниво,  да го згрозуваме достоинството на државава и на Армијата?

Кои се тие афери, кои се тие скандали? "En definition" ако се тргне, таа афера, би значело да имате аргументи. Да сте фатени, да е нешто организирано. Ако е тоа во одот на работењето, некој пропуст, може доблесно да се каже. А, да се става во категоријата на афери, скандали, зад кои стои министерот за одбрана, дозволете сега, господа, да Ви кажам еден по еден од тие ваши искажани шест или седум точки.

Прво, цивилната контрола во Министерството. Тројцата потсекретари поставени од моја страна беа цивилни лица: Недан Јовановски, Митре Арсовски како цивилно лице кој бил и Ристовски Ѓорѓи. Полно помошници министри ставив цивилни лица. Јас, драги Китановски се обраќам до Вас, Вие знаевте, јас ги добив во наследство, полно личности кои беа и воени. Јасно е дека се не лежи во амбициите во министерот тој да креира кадровска политика. Тука има и разни предлози.

Велите дека двата сектори што требало да бидат воени, се цивилни. Едното место беше само во прашање, неколку месеци и веднаш си дојде воено лице. За меѓународна соработка е полковникот Сарачевски, за безбедност место Мијалков е потполковник Костевски. Според тоа, зошто зборуваме без аргументи? Зошто не се обидеме како колега, не морате како партиски опонент да кажете - па добро, да се запрашаме има ли некои промени, настануваат ли таму некои нови сознанија?

**НИКОЛА КЉУСЕВ:** (Продолжение)

Чинам дека целата проблематика околу цивилната демократска контрола, ако има, кој е заговорник, тоа сум јас пред мојата Влада и пред премиерот. Јас постојано инсистирам и веќе во кадровската комисија има стасано нови предлози да настапи цивилната контрола во Министерството. Значи, ако тргнуваме по таа логика, ние самите, тоа е еден процес, не може преку ноќ да се пресечат некои луѓе, тоа е еден процес што ферментира, зрее и создаваме услови да дојдат замени.

Толку многу работи се кажаа за Акционата програма на (Министерството за одбрана. Фијаско, искасапена, вратена и не знам што уште. Па, три пати била на преглед во Брисел. Од сето тоа нема ништо точно. Сето тоа беше во претходна фаза на стручни екипи кои работеле. За прв пат се појавивме на 3 мај и за прв пат триумфално поминавме. Со најголеми највисоки оценки. Јас би сакал да ја добиете стенографската белешка од 10 - 11 претставници од најголемите земји, како се искажаа за Акционата програма на Република Македонија. Би сакал, кога ќе одите и Вие, господа од СДСМ, да побарате, а веднаш настапи и портпаролот на НАТО да каже дека Македонија помина одлично со својата акциона програма. Зошто сега создаваме нови оценки, разни опструкции. Дека пред тоа била враќана и слично. Па, ја знаете технологијата. Гледате во Парламентот како се донесуваат законите. Минуваат низ комисии, се разгледува низ стручни тела, па да дојде до Парламентот. Тоа го прави и НАТО.

Ние се гордееме, во Министерството затоа што дел од одбраната беше брилијантно прифатен. Но, ние направивме и нешто друго господа. Две моќни големи советувања со водечките земји на НАТО. А не некој да ни пишува, туку ние извршивме благовремено консултации, плус и Амбасадата на НАТО тука, плус други претставници. Создадовме клима како да се пристапи кон изработка на една програма, низ кои стручни филтри треба да помине и политички и токму затоа безболно помина во Брисел. Ние се гордееме со тоа. Тоа не е привилегија сега на Министерството за одбрана и на министерот. Треба да се гордееме сите ние.

Верувам дека нема ниту еден партиски претставник тука кој не сака да бидеме членка на НАТО. Тоа беше политички консензус на овој Парламент, кој што благовремено се изјасни. Ние тоа го почитуваме. Секаде каде настапувавме велевме дека Македонија постигна консензус меѓу сите свои политички партии, да сака да влезе во членството на Алијансата. И, замислете, луѓето од надвор ни даваа прекрасна оценка, а ние тука самите создаваме една полоша, грозна слика.

Што се однесува за тоа, дека во Министерството настанала некоја кадровска чистка, да доаѓаат некои партиски припадници од ВМРО, па дојдете и видете кои се тие личности. Кои се тие личности, толку големи партиски функционери од ВРМРО дошле во Министерството за одбрана?

Чинам дека би било доблесно да се каже, а воедно и на господинот Рамадани да му кажам кои се тие личности од албанската припадност кои се сменети. Кога тој, господине Рамадани би знаеле колку министерот Кљусев размислувал за тоа име што го кажал и тоа име во што ќе биде унапредено, тој треба да дојде веднаш да ми се извини. Тој не е сменет. Тој е сменет од командант, но во генерал. Тој е

началник на Генералштабот. Го планираме за унапредување. И, може ли веднаш да се спомнуваат такви работи.

Друго се споменува генералот Туши. Тој се програмира на голема функција сега. Зошто треба сите тие организациони работи да ги зборуваме пред Парламентот и докажуваме и да кажуваме дека еве, некој сака да чисти некои албански структури.

Јас сум подеднакво заинтересиран да се сочуваат меѓунационалните односи. Тоа што господинот Кљусев во Кризниот штаб критички се понесе кон еден заменик министер, тоа е знак да не дозволам да излеземе од рамките на дневниот ред, да не го претвораме Кризниот штаб во пропагандна материја на некои интереси. Тоа е факт што за себе зборува. Немојте да создаваме клима пред сите овие луѓе овде како ние не се разбираме во Владата.

Јас имам став на Владата, а тоа е, ако можеше толку многу организации и партии, не само од кај нас, туку и од надвор да благодарат на министерот Кљусев за неговата активност во Кризниот штаб во кој деноноќно работеше, над 380.000 бегалци да се прифатат, тие луѓе да ме прегрнуваат во тие кампови кога ги сместував, понижување е сега и навреда некој да вели дека тука имало некои одмазди, расправии, кавги итн. Барем малку да имаме доблест да искажеме знак на некоја благодарност, заради тоа што поминав толку ноќи и денови во мојот кабинет како претседател на Кризниот штаб. А, тоа не го правев од партиски и демагошки причини. Чисто од хумани причини.

Сега, да дојдеме до криминогените дејствија, како што кажа господинот Китановски.

За една работа би сакал навистина јасно да кажам, наведете, господа, еден тендер што во четири очи е склучен?

Прво, морам да ви кажам како министер сум дистанциран од сите тендери. Мојот потпис не стои на ниту еден тендер. Има таму личности, потсекретари, помошници министри, началници, комисии, над комисии кои тоа го анализираат. И, би сакал да знам, да ми кажете еден тендер што е склучен во четири очи. А, можам да кажам сега, иако јас сум толку критички осврнат кон сопствените кадри, толку би сакал да Ви кажам нешто. А тоа е:

Наследивме, драги членови на Парламентот, состојба на страшен хаос во набавките, што ги остави господинот Китановски. Хаос кој, ако има енергија нашето обвинителство и судство, треба тие личности да ги викне па да отворат процес на истражување. Замислете само еден пример, набавка на бинокли. Претходно набавувани по 7.000 марки, ние ги набавивме по 2.800. Од истиот набавувач од Америка. (Дофрлање од место).

Извинете, немојте да дофрлате и да мешате сега соседни земји.

Според тоа, се поставува прашање каде одеа тие пари, кој ги контролираше тие големи разлики од 4.000 марки.

Понатаму, набавувани тони црна боја за чевли, сува, неупотреблива? Тони мувлосан грав? Тони скиснати краставици? И, еве ги во магацините. Ве поканувам Вас, господа пратеници да дојдете еден ден, пред вас да ја запалиме таа стока што ја набавуваа тогаш.

Според тоа, се поставува прашањето, таа стока е веднаш тргната уште со нашето доаѓање. Зошто тогаш не се покрена постапка против некој личности што беа таму воени генерали на тие места, а се говори сега за цивилна управа, што ги извршувале тие криминогени појави? Зошто господинот Китановски тоа не го вршеше како министер? А, јас би сакал да знам, да ми каже тој и тој тендер е погрешен.

Го изнесува случајот со месото. Да. И јас не сум задоволен со тоа. И ќе го испитаме до крај тој случај. Тоа значи, јас иако не сум влегувал во материјата на тендерите, но испитувањата од инспекциските служби, сознанијата што ги добивав и контролата што ја воспоставувам на колегиумот на Министерството покажува еден нов квалитет во стилот на работењето на ова Министерство, за разлика од тоа што го наследивме. И, оттука произлегува, ги бодат очите мерцедесите. Па, господа, кој ѓавол Ве тераше да купувате вие "Алфа Ромео" тркачки коли да набавувате, па да ги лупате лево - десно? Ние земавме од најевтините мерцедеси, благодарение на тоа што Германија ни остави една сума на средства да не ги наплатува. Од тие средства купивме 5 - 6 мерцедеси. Тие мерцедеси се 320 000 марки. Од тие мерцедеси формиравме гаража, под единствена команда. Не кој како стигне, како свои коли да ги возат и да трошат колку сакаат бензини, гуми итн., се ставивме под контрола. Само министерот и министерот, како владини функционери можат да имаат кола. Се друго ќе телефонира и ќе бара кола. За да извршиме контрола кој троши бензин, кој троши масло. Еден случај од минатото сакаше да ни покаже, четири пати еден наплатува за масло, колата зарибала и никого глава не го

боли поради тоа. Кога повикавме што е таа работа, и му реков – можеш ли да си ја продаваш честа за 100 – 200 или 300 марки треба ли сега да ти се покрене кривична постапка па да одиш во затвор? А, пред тоа, сето тоа бил еден хаос. Значи, ако се бориме против такви појави, дозволете, да имате барем малку мисол па да кажете, барем нешто да поддржите.

Понатаму, би сакал да укажам ова, јас го поканувам господинот Китановски да дојде на гости кај мене, ќе му дадам шанса да испита кој е тој непотизам на министерот Кљусев? Кое е тоа семејство на Кљусев кое владее во Министерството. Вработив само еден внук и тоа дипломиран економист со 20 години стаж и тој се подготвува да го напушти Министерството. Кој е тој Стојанов, кој е тој Неновски, кој работи? Тој беше само поканет да укаже одредена помош за одредено време.

Според тоа, кој е тој непотизам, да го видиме и повелете да кажете едно име. И, да престане веќе таа работа. А, непотизам, да се спомнува и моја ќерка што добила тендер за печатење на списанието "Одбрана", па господа ќе бевте ли вие среќни да го изберевме другото издавачко претпријатие што е поскапо? Освен тоа, може ли да кажеме, да забраниме, некому да укинеме слобода, да конкурира затоа што била ќерка или што била таму? И кој е тој профит, конечно, остварен од списанието и спечален? Дали е тоа некој тендер од стотици и стотици илјади марки, па да кажете тука има некој криминогени појави?

Значи, станува збор за нешто изнасилено, за нешто префорсирано, за нешто тенденциозно. Препознатливо е. Секоја тенденција е препознатлива.

Јас повеќе не сакам да зборувам, но создава еден немир, прво, создавате немир, како Парламентарна група. Меѓу себе си се лажете, не оперирате со факти и создавате немири и во Парламентот.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:** (Продолжение)

Сега замислете волците не биле таму или биле онаму.

Господа, во оваа кратка историја од десет години за прв пат волците беа ангажирани на улица 1994 година кога ВМРО имаше митинг. Тогашниот претседател на државата направи страшен престап па на сопствената држава и сопствената армија како главен врховен командант да повикува волци и да гледаме кордони на линии пред Собранието. До сега...

(Пратеникот Ѓорѓи Котев од место праша кој претседател).

Глигоров. Реков тогашниот. Дозволете уште едно да ви кажам волци никаде не се изедени. Изедени се платени војници тоа се шкорпионите, требаше да знае господинот Китановски кои ги запоседнаа сите пунктови на УНПРЕДЕП и нашите граници заедно со еден дел и на млади регрутни сили. Ние ќе се бориме во блиска иднина регрутите да ги повлечеме и да биде само платена војска. Но, вие знаете дека тоа скапо чини.

Значи, волците имаа своја посебна намена. Тие се под посебна контрола. Тие не спаѓаат под Генералштабот. Спрема тоа, волци никој не поканил да излегуваат на улица, па да создаваат некаква тревога, да апсат, да затвараат, да убиваат. (Смеа и аплауз во салата).

На крајот барем малку доблест да се има. Споменувате ТАТ. Од ТАТ треба да се срамите. ТАТ е ваше дело. ТАТ е грозна слика во која е навреден министерот Кљусев во кој целата својата заштеда на сопругата и сопствена му пропадна, не земал ни денар камата, ни денар главница. Дали може некој да влегува во граѓанско правни односи дали ќе земе пет - шест или десет проценти камата. Која е таа привилегија. Некој сакаше тенденциозно да го сврти ТАТ на некои привилегирани камати. Прашање е каде се парите. Каде отидоа парите. Кој ги открадна парите. Кои беа тие во тренерки, кои беа тие што ја забранија контролата на ТАТ, ја забрани господинот Црвенковски кога му нареди по телефон на гувернерот во Кипар прекини ја контролата, во тој интервал ги нема 12 - 14 милиони денари точно колку нестанаа.

Спрема тоа, тоа се аргументи. Меѓутоа, тек треба да работи нашето судство да ја каже големата вистина. Политичките лаги се веќе неодржливи.

Благодарам на вниманието за дискусијата, она што ќе биде запаметено го паметам како добри намери. Господинот Амди ми постави едно прашање, тоа се однесува за сите, не се прави разлика дали се Роми, Албанци или други наши деца. Важно е да се пријават на регрутните комисии, ако не се способни ќе бидат ослободени, но до 27 години не смее да не се пријави. Меѓутоа, јас знам дека има тешкотии оти добивме критики те оваа регрутна обврска се јавиле 47 или 50, тоа е веќе тенденција речиси во сите овие десетина години при секое пријавување некаде помеѓу 35 и 55, затоа што имаме многу школници деца кои студираат и многу надвор што се.

Сакам само да ве запознам со еден факт. Ние во новиот Закон за одбрана предлагаме некои нови решенија. Тоа ќе дојде кај вас до крајот на месецот новиот закон. Бидејќи одиме со тенденција ва фифти-фифти регрути - платена војска ние не ќе можеме да ги повикаме сите регрути да служат во војска. Ќе изнајдеме начини тоа да бидат курсеви, разни акции, тоа да биде запознавање со државата. Значи, се дадат и олеснителни можности, но ќе го издигнеме на пиедестал гордост тој што ќе служи во Армијата на Македонија.

Спрема тоа, во новите правилници, новиот закон ќе настојуваме од нашата генерација која е 30 илјади не можеме ние целата да ја земеме, ние имаме програмирана армија од 14 до 16 илјади. Еден дел од тоа ќе бидат платени. Спрема тоа, служењето во армијата да речеме имаме монаси кои се оддале на духовното царство, едноставно се прашуваме дали треба тие луѓе да доаѓаат во војска или треба да поминат некој курс и да се ослободат. Разни земји имаат разни искуства, па дури наши луѓе во Германија еве сега добивме еден писмен материјал ни велат дали може нашите деца да дојдат два месеци што е неопходната подготовка за војна да отслужат, па потоа да си платат другите месеци. Ние тоа го предвидуваме во новите прописи. Зошто да не дадеме. Инаку би било обратно инаку би биле што? Земени во германската армија и готово е со нив.

Станува збор за иновации кои се подготвуваат, не би сакал навистина да го задржувам повеќе вашето внимание, сега навистина е чесно да се каже, а јас би сакал од сите овие ваши забелешки во кои не гледам ништо што може да каже да се прифати сериозна критика. Она што нужно да се прифати јас го прифаќам, но чесно е и беше чесно кога стана да зборува господинот Китановски по неговото завршување да настапев јас и тој да ја повлечеше интерпелацијата. Тоа ќе беше многу подостоинствено затоа што станува збор за човек кој нема компромисна слабост, за човек кој не признава онакви појави за кои станува збор тука. Благодарам на вниманието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот министер за одбрана, Никола Кљусев за учество во расправата.

За збор повторно се јави најпрвин господинот Исмет Рамадани, па потоа господинот Лазар Китановски. Веројатно е реплика и негова и ваша.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине министер вие спомнавте и доблест и рековте треба да се зборува со факти. Ние денеска расправаме за Интерпелација т.е. за вашата работа до денешен ден односно можеме да кажеме дури до денот кога е поднесена таа интерпелација.

Точно е тоа дека вие сега наведувате планирам ова, планирам она, меѓутоа денеска не зборуваме за тоа што вие планирате понатаму. Јас имам многу непосредни и со најдобра намера многу конкретни прашања. Дали господине министер досега имавте командант на бригада Албанец, командант на баталјон Албанец, командант на чета Албанец, и зошто немавте? Дали ќе имате сега факти и аргументи дека немаше старешини со чинови квалитети што можат да бидат такви команданти, дали сега со новите формации односно со новите стандарди на тоа што го &бараат стандардите на НАТО планирате исто така командант на бригада, командант на баталјон, командант на чета и дали вие би се согласиле односно дали е можно командант на бригада да го командува еден генерал да му биде претпоставен во овој случај. Мислам дека се тоа работите кои стојат, тие се факти, јас не знам дали вие ќе имате факти да го спорите ова, или да прашам во последните години откако сте вие министер каков беше бројот на запишаните студенти на Воената академија пред три години, пред две години, пред една година, како рапидно паѓа тој број. Знам, вие ќе кажете има незаинтересираност, меѓутоа, сепак не преземовте ништо екстра, ништо повеќе (господинот Стојановски дофрла од место).

Господине Стојановски и понатаму продолжувате, ќе ве разрешиме. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Лазар Китановски има збор. Повелете.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Најпрвин сакам да му укажам на господинот Кљусев дека овде не сме на седница на универзитетски совет, не разговараме како професори колеги, туку разговараме како министер и опозиционен пратеник. Значи, разговараме за политички прашања и за тоа како функционира еден државен орган. Инаку, можеме ние во некоја друга прилика да разговараме за универзитетски теми.

Овде разговараме за неговата одговорност. За мојата одговорност

формираа посебен орган во Министерството со негова наредба на секој начин да се најдат слабости во Министерството. Ако се најдат во ред, секој треба да одговара. Јас тоа го поддржувам. Тоа со краставиците многу ме загрижи, прв пат го слушам, ако има виновници навистина треба да се казнат. Меѓутоа, да се повикува моето име до органите на правдата, од министерот, дека треба да се преземе, мислам е директно мешање и инволвирање на Владата во судската власт. Тоа не му личи на еден министер. Постапката овде заврши, еден голем преседан, едно Собрание донесува заклучоци за политичка личност да биде повикана во судските органи. Тоа го нема во ни една демократска земја. Но, и покрај тоа јас сум подготвен (министерот Кљусев дофрла од место дека е дадено).

Е, тоа што е дадено е сосема спротивно на сите демократски принципи и нашиот уставен поредок. Инаку, ако има проблеми нормално дека судот ќе си постапи, како што си постапи.

Е, сега да ви кажам. Господинот Саво Јанев, воено лице, за Митре Арсовски да не зборувам бил генерал на ЈНА, пензиониран, потсекретар. Господинот Јанев кој е сега заменик началник беше претходно потсекретар и за да не биде приватно, како да сме ние некоја африканска земја, доаѓа во цивил, а чинот се уште си го задржува. Па ве молам, да не правиме карикатура од нашето министерство и од Армијата на Република Македонија. Воено лице, потсекретар, униформата ја чува дома, а доаѓа со машна и бела кошула со одело од Министерството, затоа што еве сега тој бил цивил. Не е тоа цивил. Цивилно лице е едно, а генерал или полковник кој си ја оставил униформата дома оди со цивилно одело, тоа е нешто друго. Тоа треба да го разликувате господине министер.

Мане Манев од Штип внук од брат, го променува презимето во Манев и работи на многу интересна работа, задолжен за работење на кантините, ресторантите, значи, каде се работи со готовина, кампoвите и фирмите на Министерството и како за снабдување на АРМ со основните прехранбени артикли. Подоцна истиот е унапреден во помошник на министерот, значи го дига тоа место кантински услуги на помошничко место, ви се молам, неверојатна работа. Како да е тоа најважна работа во кантините во тоа Министерство. Значи помошник на министерот кој раководи со таа дејност, но сега е подигнат на ниво на сектор.

Кирчо Кљусев, дали го познавате? Тој е брат на овој Манев поранешен Кљусев, директор на специјални возила, го променил презимето во Стојанов. Сега, да не зборуваме за тајни, пропаѓа една сериозна зделка со една сериозна западно германска компанија, затоа што овој господин не сакал да разговара на еден начин на кој се разговара меѓу сериозни партнери од тој бизнис. Меѓутоа, рековме, да не одиме понатаму. Па јас се држам за тоа.

Да не зборуваме за шефот на кабинетот. Внимавајте генералите на Генералштабот мора да се пријават кај шефот на кабинет за да закажат кај министерот за одбрана, кој е цивил. Не е нормално. Генерали на Генералштабот закажуваат кај министерот преку началникот на Генералштабот. Тоа е пракса во секоја држава. Постои комуникација началник на Генералштаб - Министер - Врховен командант. Не може член на Генералштаб да закажува преку шеф на Кабинет. Тоа е процедура. Дури и заменикот на началникот може да закаже директно само ако оцени началникот на Генералштабот, а другите генерали мораат да закажат и во придружба на началникот на Генералштабот, а не преку шефот на Кабинет. Внимавајте шефот на кабинет кој е цивил се претвора во втор началник на Генералштабот. Член на Генералштабот треба да објаснува зошто сака да оди кај министерот на шефот на кабинет. Тоа може да го направи само преку началникот на Генералштаб. Тоа е хиерархија во една армија.

Околу волците и шкорпионите. Морам да ве разочарам, целата македонска јавност изгледа министерот не ги разликува двете единици. Кај нас обучена е за специјални намени, единицата на волците. Шкорпионите се само војници по договор, кои ја немаат обуката кои ја имаат волците. Тоа е голема разлика. Јас како министер планирав во наредниот период и шкорпионите да станат специјално обучена единица како што се волците, како основа на двете бригади на Република Македонија. Инаку шкорпионите се обични војници по договор. Мојата напомена беше дека во комплицирани ситуации, како што има во секоја армија и во американската и во британската и во руската, ситуации кога се праќаат исклучиво специјално обучени војници, кои покрај редовната обука имаат многу комплексна сложена обука и тоа војничка обука, психолошка обука, обука на самоконтрола, кои ракуваат со многу видови на оружје и кои праќаат во многу кризни

ситуации за да се постигне војничката цел со многу со помалку жртви. Тоа кај нас се волците. А тие во најкритичните моменти седеа во касарната Илинден, место да бидат горе на терен. Би било многу невкусно да отвараме и други теми од Министерството, ние се задржавме како пратеничка група и ве молам да не заборавам уште еднаш министерот ми се обраќа како на личност. Јас ги застапувам овде ставовите на Социјалдемократскиот сојуз. Ако сакав јас да настапам како Китановски, ќе напишев статија, меѓутоа ќе беше многу понепријатно за министерот. Сепак јас се држам до тоа дека сме овде пратеници на пратенички групи и на ниво на политичката одлука на пратеничката група. А ако одговараме човек на човек, мислам дека тоа не е добро за политиката. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Лазар Китановски, за учество во расправата.

За збор се јави госпоѓицата пратеник Радмила Шеќеринска. Повелете.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Почитуван претседателе, господине министер, колеги пратеници, ако постоело почеток на дискусија кој што е понеинтересен и почесто повторувам од онаа јас не сакам да зборувам, мислам дека ова Собрание го покажува спротивното. А тое е дека најчесто дискусиите така почнуваат и како пратеник досега барем избегнував тоа да го сторам, не само во Собранието туку и надвор од него, меѓутоа сега би сакала тоа да го кажам, заради тоа што позади него стои делумната аргументација, која што ќе ја користам во мојата дискусија, а тоа е дека една ваква расправа во Собранието, по малку не хендикепира сите мас како пратеници, бидејќи е тешко да зборувате за тема која е толку многу расправана, анализирана и дискутирана во јавноста, како што е расправата во однос на работењето на Министерството за одбрана како целина, Министерство кое секој пат во секоја држава е значајно, меѓутоа, кое во Македонија можеби и најповеќе е на удар на јавноста.

Значи, од целата таа лавина информации, коментари, анализи за Министерството, честопати и за министерот за одбрана, после извесен период навистина станува заморно повторно да се отвораат овие, честопати непријатни теми и како пратеници сме по малку заморени да зборуваме за работи кои и во други дискусии, во други прилики, сме ги спомнувале, а кои ја допираат работата на Министерството. Меѓутоа, морав во оваа ситуација и лично да се изјаснам не само по интерпелацијата, која ја поднесуваме како Пратеничка група, туку и во врска со односот кој што ова Собрание или одредени пратеници во Собранието го имаат кон институтот наречен интерпелација. Мислам или со жалење би сакала да констатирам дека кај дел од пратеници во ова Собрание интерпелацијата сеуште е некоја непријатна, непосакувана работа. Можеби и разбирливо, меѓутоа, не природна појава во Собранието. Мислам дека тоа е сосема погрешен став, барем за едно плурално Собрание, во кое интерпелацијата е еден од методите на работа и како таков заслужува и внимание, не само внимание од страна на оние кои ја предлагаат, туку и од оние кои го бранат соодветниот министер, односно неговата работа во Министерството. За жал, веќе два пати кога разговараме за интерпелација на одреден министер, работата се сфаќа сосема поинаку и дискусијата се претвора од дискусија за работата на некоја политичка фигура во дискусија за личноста или дискусија за минатото, сегашноста и иднината на дадената личност, која ја пополнува оваа политичка позиција. Мислам дека ние како пратеници на опозицијата, како пратеници кои предлагаме интерпелации досега го избегнавме. Настојуваме да се концентрираме исклучиво на работата, добра или лоша, на оние кои ги коментираме и анализираме, а наместо тоа, пратениците парламентарното мнозинство на некој начин се повеќе и повеќе избираат да се задржат на анализа на личноста, нејзините достигања во професијата, нејзините досегашни политички искуства и политички знаења. Мислам дека од сега натаму тоа не треба да го правиме. Токму поради тоа и она што ни се случи по повод интерпелацијата за тогашниот министер за образование, кој исто така беше реконструиран на некој начин од премиерот, сега ни се повторува и овде. Наместо да дискутираме за работата на Министерството, расправаме дали овие или оние анализи се точни, некои пратеници избраа да дадат еден пристап на делото на господинот Кљусев, кое апсолутно ниту еден од потписниците на интерпелацијата не го доведува во прашање, бидејќи за тоа не постои никаква потреба. Нема зошто да дискутираме ни за професионалните квалитети, ни за досегашните професионални успеси на некоја личност која денес е министер, ниту да зборуваме за досегашните залагања и функции на

сегашниот министер, господинот Кљусев за неговото место во историјата. Се се тоа работи кои треба да се дискутираат на друго место. Ние како пратеници сме обврзани и сакаме да дискутираме за господинот министер за одбрана, кој во случајот е господинот Кљусев. Значи и господинот министер и вие како пратеници од парламентарното мнозинство треба да не разберете дека и духот на интерпелацијата и нашите дискусии се од тој аспект.

Втора работа која гледам дека е слична со процедурата и дискусијата за Интерпелација, која претходно како пратеничка група ја поднесовме за тогашниот министер за образование, е во настапот или дел од настапот кој денес го применува за жал министерот за одбрана. Ќе се потсетите дека и министерот за образование имаше една реченица која од прилика гласеше вака: "Немојте да ме задирате заради тоа што јас имам информации за некои кои претходно работеле лошо и доколку - незнам, претпоставувам дека реченицата оди понатаму и доколку ме предизвикате, тие информации ќе станат достапни на јавноста".

Ова го имаше кажано тогашниот министер за образование во едно интервју, а овде за жал го повтори и сегашниот министер за одбрана.

Не би сакала да потсетувам дека овие информации не само што се обврска секој да ги даде до јавноста, се разбира низ процедура која е утврдена, туку и никако не смее ниту министер, ниту пратеник да ги користи или да ги злоупотреби како инструмент, со кој ќе спречи нечија дискусија, со кој инструмент ќе ја доведе во прашање нечијата дискусија и т.н. Оние информации кои министерот за одбрана ги има, оние информации кои сите ние како пратеници, членови на Влада и други ги имаме, се знае на кои органи треба да ги поднесеме, се знае низ која процедура треба да поминат за да можат да бидат спомнати на ваква говорница. Затоа, не сметам дека е доблест на министерот за одбрана, дека сеуште не кажал некои информации во јавноста. Напротив, сметам дека тоа би било само дополнителна тежина, која ќе налегне на интерпелацијата која ја поднесуваме.

Токму поради тоа, мислам дека е не кореткно министерот за одбрана да коментира активности на Анкетната комисија, за која многу зборувавме во ова Собрание. Анкетната комисија за која самиот министер вели дела изнела работи кои се сурови и точни. Како што зборувавме и минатиот пат, при дискусијата за наводните наоди на Анкетната комисија, многу лесно ги фрламе овие информации, многу лесно ги квалификуваме дали се точни или неточни, меѓутоа многу тешко ја тераме процедурата која треба да се истера за да станат тие точни. Такво беше и однесувањето на голем број од претставниците на Министерството за одбрана во оваа Анкетна комисија, тоа и го коментиравме од оваа говорница. Не видов што се случи понатаму со тие претставници од Министерството за одбрана и дали министерот за одбрана одлучи на некој начин да го санкционира таквото нивно лошо работење во периодот на работа на Анкетната комисија. Имено, во едно од бројните обвинувања, кое беше фрлано на претходни министри за одбрана, кое на оваа говорница беше изнесено како паушално, беа изнесени контра аргументи, ниту Министерството за одбрана ниту овие претставници излегоа со одговор на ваквите информации, ниту пак министерот за одбрана се огради од ваквото дезинформирање на јавноста, направено од страна на вработени во Министерството за одбрана.

Тука од прилика би сакала да запрам со ова што досега се случувало, иако за жал министерот за одбрана избра повеќе да зборува за претходните министри и претходните мандати и она што се случувало во текот на тие мандати, а многу помалку се задржа на она што се случувало, добро или лошо, во Министерството во изминатата година и половина кога тој раководи.

Се согласувам дека во областа, посебно како што е одбраната, треба да бидеме внимателни со зборовите и да не наоѓаме афери таму каде што ги нема. Меѓутоа, не се согласувам дека некој во ова Собрание, јавноста или новинарите, треба да излезат со некои докази, незнам какви, за да каже дека Министерството за одбрана постојано беше потресувано од многубројни афери. Имено, за едно министерство и за еден министер доволен е случајот со киднапираните граничари, веќе да се постави прашањето на интерпелација. Не треба да одиме понатаму, не треба да зборуваме дека некој треба да докаже афера. Јас се надевам дека никој не вели дека треба да се докаже дека граничари биле киднапирани. Да не зборувам за скандалозната изјава на министерот, дека секој во ова време може да биде киднапиран. Да, меѓутоа, одговорноста на

министерот за одбрана е речи да му бидат киднапирани војниците. А доколку тоа сепак се случи, вред е, барем тој да понуди оставка, па потоа да дискутира Парламентот или да размислува премиерот, дали таа оставка ќе ја прифати или не. Да не зборувам за настани кои исто така не беа споменати, а го потресуваа Министерството, односно Секторот за одбрана. Тоа беше едното убиство на војник во Армијата, како и четири самоубиства, кои се случија во вака кус период.

Значи, сето тоа се работи кои сами по себе претставуваат доволно материјал за една интерпелација. Затоа, не знам од каде зачуденоста како една пратеничка група си го земала правото или слободата да поднесе интерпелација, па тоа дури од некој пратеник беше толкувано како уривање на угледот на државата. Оваа држава може да го гради својот углед ако можеме отворено, искрено, чесно, колку што може секој, да зборуваме за работите кои се болни, да зборуваме за работите кои не се вред, да зборуваме за работите кои одат во погрешна насока. Доколку тоа не го правиме, тогаш најповеќе ќе му штетиме на угледот на оваа држава.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:** (Продолжение)

Втора работа која сакам да ја коментирам е односот на Министерството за одбрана кон државните пари. Тука ќе видите еден многу различен однос кон различни сфери. Незнам дали е само од страна на министерот, меѓутоа, од Министерството кое тој го раководи. Од една страна, Министерството се покажува наводно како многу штедливо, па слушаме дека таа штедливост во еден од случаите, кој го проблематизираше дури и самиот министер, се одразува на квалитетот ва набавките и тоа оние набавки кои се најзначајни, а тоа е набавка на храна во Армијата, односно набавката која ги тангира сите припадници на македонската Армија. Од друга страна, многу лесно се трошат пари и тоа само за седумте мерцедеси, како што беше споменато, или само 320 илјади германски марки, што се обидува сега министерот да го оправда и вели дека тие рационално се користат. Кога имате нерационална набавка на возила, не можете понатаму рационално да ги користите. Ако сте дале 320 илјади германски марки, за кои барем јас не слушнав аргументација, бидејќи со нив се возат само министерот и заменикот министер и другите по потреба, според зборовите на министерот, понатаму, ако штедите на бензин и ако штедите на масло, не знам колку ќе заштедите. Сега бензинот навистина драстично ја зголемува својата цена, меѓутоа, мислам дека 320 илјади марки се сосема солидна бројка за која вреди да се дискутира. Да не зборувам за една точка која само беше нафрлена, а тоа е развојот на врвното здравство и целата онаа дилема и афера, повторно ќе кажам, која се создаде и која одеше на линија не опозиција - Министерство за одбрана, не опозиција - Влада, туку на линија две министерства во истата Влада, Министерството за здравство - Министерството за одбрана.

Прво во рамките на самата Влада не можеше да се види една стратегија за инвестиции, значајни инвестиции во оваа сфера. После тоа, двајцата. различни министри имаа различни изјави. Понатаму Клиничкиот центар и Воената болница завршија во меѓусебни обвинувања, за да слушнеме на крајот дека е постигнат таков и таков договор, односно според зборовите на еден од актерите во целиот овој случај, се договоривме да се договориме. Се договоривте да се договорите, меѓутоа, за голема цена и тоа е исто така начин, тоа зборува за начинот на кој Министерството за одбрана располага со државните пари.

Бегалската криза беше неколку пати спомената и се согласувам со она што го кажа министерот, се согласувам дури и со она што стои во оваа - не е бела, туку плава книга, дека во вакви критични ситуации навистина е тешко да се задржат сите полуги на функционирање на државата. Навистина е тешко понекогаш сите актери во случувањето, сите актери во кризата да останат и присебни, да останат и сите подеднакво добро информирани, да даваат конвергентни изјавиви, меѓутоа, она што се случуваше во бегалската криза не само по кризниот штаб, туку и општо, во рамките на Владата која имаше и специјален Штаб за информирање на јавноста, мислам дека тешко може да се нарече успех на оваа Влада, тешко може да се нарече успех на ваквиот кризен штаб. Да не зборувам и за оценките кои ги добивме однадвор, без разлика дали тие беа коректни или не, меѓутоа, сите се согласуваат дека Владата на РМ не беше подготвена за една ваква критична ситуација и тоа мислам дека и Владата треба да го прифати. Да не зборуваме за какафонијата од изјави, од една страна од кризниот штаб, од друга страна од членови на кризниот штаб, кои приредуваа така да кажам по неколку мини афери дневно, со самиот факт дека размислуваат и дека дури некои од нив и дејствуваат различно едни од други. Тогаш

се случуваа и оние дезинформирања на јавноста во врска со буката која ни се случува, во врска со настаните, нашата улога во настаните на Косово и т.н., а сите тие беа раководени од страна на Министерството за одбрана, па се зборуваше те за хеликоптери, те за воени авиони, те за експлозивни направи и за нешто друго и т.н., така што сето тоа само придонесе за таквиот хаотичен изглед не само на Министерството, туку и на целата оваа група која работеше.

На крајот, би сакала да се осврнам и покрај тоа што министерот многу зборуваше и за тоа што се случувало претходно и за тоа што добро направил и што смета дека е образложено на овие 200 страници од неговата "сина книга", има некои работи кои прескокна да ги спомене. На пример една од точките која е ставен и во текстот ва Интерпелацијата е шверцот на бугарски барут во Србија, афера која беше признаена, дури, информациите излегоа од самата македонска Влада, а која афера не доби никаква завршница, ниту се идентификува изворот, ниту се идентификуваа чинителите, ниту се идентификуваа сите овие кои наводно биле сместени во Министерството за одбрана, за одбрана, меѓутоа досега останаа анонимни.

Мислам дека министерот не даде целосен одговор и на наводите за непотизам, а во ној дел што ги даде одговорите или се обиде да ги даде, мислам дека отвори само поголеми сомневања и кај јавноста, отвори уште поголеми сомневања и кај опозицијата, тоа можам барем за мене да го кажам.

Едно од тие прашања, не е директно прашање на непотизам, меѓутоа влегува во овој дел на лични и пошироки афери, прашањето на ТАТ, не би сакала повторно да го отворам. Не би сакала повторно да зборувам за тоа како некој зема привелегирани камати и како тоа ќе се одрази на имиџот и рејтингот на еден политичар. Точно е, секој има право да ја зема онаа камата што ќе му ја понудат во една ваква штедилница, меѓутоа, кога тоа ќе се случи на еден политичар и поранешен и сегашен и кога тој ќе биде привелегиран во однос на другите штедачи, тогаш јавноста не може а да не се прашува, зошто е тоа така. Па затоа, кога ќе спомените дека наводно тогашниот премиер, како рековте, му ја забранил односно му ја запрел контролата на ТАТ, која ја вршела Народната банка, односно му забранил на гувернерот да продолжи со таа контрола, јас лично се прашувам како вие тоа го знаете. Сега станува јавна тајна дека сите членови на опозицијата се прислушкувани, ама јас не знаев дека тогаш вие како опозиција сте требале да ги прислушкувате актуелните носители на функции. Не знам дали е прислушкуван тогашниот премиер или е прислушкуван тогашниот гувернер, меѓутоа, вие имате навистина ексклузивни информации.

Во поглед на непотизмот и на постоечките или не постоечките внуци не би сакала да навлегувам, бидејќи со имиња и презимиња некои колеги зборуваа. Мислам дека самиот факт дека јавноста премногу дискутираше за таа тема, требаше да му укаже на министерот за одбрана дека оваа практика не е добра, дека оваа практика и во Министерството за одбрана и во другите министерства треба да се избегнува доколку министрите сакаат да бидат ценети како актуелни носители на функции. Меѓутоа, интересно е што министерот за одбрана смета дека е во ред доколку негов личен зет, прва фамилија е вред, доколку биде повикан од страна на неговото министерство, или Министерството што тој го раководи, како што рековте вие да укаже помош. Дали е вред еден зет во претпријатие, како што сега ве слушам да велите, кое е под влијание на Министерството за одбрана, да укаже помош. Јас не знам дали таа помош е укажана од алтруистички приказни или е укажана заради тоа што е платена. Ако е платена, тогаш влегува во доменот на интереси кои министерот за одбрана, лични интереси, не смее да си ги дозволи во своето функционирање.

Да не зборувам за случајот, каде што велите вие, тендер за печатење на списанието за одбрана, на кој е пријавена и победила, односно ја добила зделката, претпријатие во кое работи вашата ќерка, претпријатие кое сметате дека е вред доколку воопшто учествува на ваков тендер. Во секоја држава во светот во која сакаат да стават крај на ваквите појави, на можното влијание на носители на функции врз тендерите, врз постигнување на најдобри цени, правило

Број еден е дека не е дозволен конфликт на интереси и тука нема најдобра цена, најлоша цена, вистинска цена, цена низ анекс, како што се зборува дека била формирана откако е добиен тендерот и т.н. Тоа е правило број еден. Нема учество на членови на најблиското семејство меѓутоа, точно е дека понекогаш делува хендикепирачки за оние кои се во семејството на министерот. Меѓутоа, тоа е

практика која се спроведува во сите држави. Конфликтот на интереси е регулиран и постои како таков. Конфликтот на интереси се гледа да исчезне од било какво практикување на министрите или на носителите на функции. Меѓутоа, вие велите дури и тоа не е доволно, дека во ред е што вашата ќерка го добила тендерот, заради тоа што се работи за мали цени.

Значи криминалот при мали износи не постои или можноста за непотизам, можноста за фаворизирање не постои. Јас незнам кој ќе каже, кој ќе го постави нивото на мали или големи цени, кој ќе каже дали мал износ е 100 илјади германски марки, кој ќе каже дали мал износ е ако се печати оваа книга, затоа што не сакам да си ја земам слободата да кажам кој ја печател, меѓутоа, интересно е што никаде не стои информација за тоа кој ја печател оваа книга и јавноста се прашува. Тоа е дел од правата кои јавноста ги има, а тоа е да знае каде се отидени парите за печатење на многу луксузно издание од 200 страници, во кое стојат, освен добрите фотографии и сите или барем дел, белешки од сите средби на министерот за одбрана во неговиот изминат мандат. Се извинувам, мислам дека ова е голема цена која јавноста, односно македонските граѓани треба да ја платат. Ова е книга која зборува за едногодишно работење на Министерството и во која стојат, ќе повторам уште еднаш, внимавајте, Календар - хронологија на официјални средби на министерот за одбрана на Република Македонија.

Ова не е материјал кој што заслужува ниту ваков луксуз, ниту вакви средства. Тоа е мое мислење и мислам дека тоа е дел од политичките ставови, кои што имаме право овдека да ги кажеме.

На крајот на краиштата, не верувам дека дискусијата ќе заврши со тоа што би се согласиле, меѓутоа повторно би сакала да апелирам да ја пренесеме дискусијата од лична сфера во сфера на политички одлуки, притоа не мислејќи, г. министер се извинувам што директно ќе ви одговорам, бизнисот кој што го добиваат фирми, личните интереси кои што се реализираат во едно Министерство не се лични работи. Тоа се интереси за кои што плаќаат македонските граѓани и тука министерот, за жал ниту неговото најблиско семејство не може да бидат поштедени од будното око на јавноста. Тоа се се работи кои што спаѓаат во сферата на лична, приватна загарантираност. Јас се согласувам дека нема зошто да дискутираме ниту за професионалните квалитети, ниту професионалниот историјат на било која личност тоа не ми е целта, ниту желба ниту потреба, се има за такво нешто, меѓутоа доколку дискутираме за политички одлуки, доколку дискутираме за разлики во практикувањето на власт, за разлики во практикувањето на политика, мислам дека е во ред доколку сите овие теми кои што ги споменавме денеска бидат прифатени од страна на министерот за одбрана, како и од страна на пратениците на парламентарното мнозинство и од страна на премиерот на Република Македонија како сериозен знак за узбуна, дека нешто не е во ред со министерството, кое што можеби беше најприсутно во јавноста во изминатиот период.

Заради тоа мислам дека интерпелацијата која што ја поднесовме како пратеничка група не само што беше изнасилена, или стриктно опозиционо насочена и иритирана, туку беше интерпелација која што можеби и задоцни заради тоа што преголем број на лоши работи се случија во ова министерство пред неколку месеци. Ви благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-цата пратеник Радмила Шеќеринска.

За збор се јави г. пратеник Горанчо Трајков.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, јас ќе бидам што можам пократок. Сметам дека оваа интерпелација е блиску до врвот на лицемерието кое опозицијата го демонстрира веќе година ипол дена. Би сакал да кажам зошто го поврзувам лицемерието со интерпелацијата на министерот за одбрана.

Сите знаеме што се случуваше кога се распаѓаше СФРЈ и што АРМ доби во наследство од поранешната ЈНА, а на што имаше право имајќи ја во предвид улогата на Македонскиот народ и нејзиното формирање. Зошто тоа беше така јас сега не би сакал да говорам.

За се она што беше направено во периодот до доаѓањето на оваа Влада, за техничката опременост на АРМ исто така не би сакал да говорам, бидејќи на сите ни е повеќе од јасно со што располагаше Армијата на РМ, а кои се минимум стандардите за просечно развиените армии во Светот. Дали некој од љубов кон државата не сакаше да создава модерна армија, или се надеваше дека некоја друга армија ќе не брани јас не знам и не би

сакал, би требало некој друг да го објаснува.

Сега би сакал да се вратам пак на лицемерието. Кога овој министер и оваа Влада со целата своја сериозност почнаа да набавуваат опрема со која барем во одредена мера се консолидира техничката опременост на Армијата во веќе препознатлив стил се започна со сериозно класично рушење, бидејќи со создавање на современа и ефикасна Армија се рушат одредени концепти, за кои говорев пред малку, се започна со постојано атакување на министерот за одбрана. Во континуитет се измислуваа афери кои постојано резултираа само со една работа, а тоа е да остане чувство, повторувам, единствено да остане чувство дека некој е излажан и ништо повеќе од тоа, ниту факти ниту докази.

Господо, сметам дека ваквиот однос не е лош само за министерот, само за Владата, сметам дека е многу лош за Република Македонија, бидејќи рушењето на угледот на министерот за одбрана, изјавите дека некој намерно пратил војници да бидат заробени од терористички групи, изјавите дека акциониот план бил ваков или онаков, по правило во негативна конотација, а сето тоа во време кога Република Македонија сериозно преговара за учество во НАТО. Велам сериозно бидејќи оваа Влада навистина сака Армијата на Република Македонија да биде дел од НАТО. Значи сето тоа не е од интерес за Република Македонија.

На крај би сакал да резимирам дека ова е само дел од целокупното сценарио во кое се демонстрира едно невидено лицемерие, бидејќи да изјавиш дека Македонија треба да се спаси од оваа власт, а во период на повекегодишно владение, да донесеш еден страшно лош Закон за приватизација, чии уште полоши резултати не само што ги чувствувавме овие години, туку ќе ги чувствуваме уште многу години, да оставиш една гломазна и неефикасна администрација, да оставиш еден нерешен проблем со девизното штедење, да не извршиш денационализација, да оставиш апсолутно неефикасен даночен систем, што произведе само процес на сивата економија да оставиш огромни долгови на стопанството на Република Македонија за приближување кон ЕУ, Агендата 2000 не би сакал да говорам, јас не можам да го протолкувам никако освен како класично лицемерие, чие главно мото е да се врати на власт.

На крај би сакал да му дадам целосна поддршка на министерот Кљусев и да му порачам дека Македонија сака да биде дел од НАТО и дека само со енергично и со желба, Македонија може да стане дел од оваа алијанса.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. пратеник Горанчо Трајков.

Збор има г. пратеник Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине претседател, пред се би сакал да кажам дека Интерпелацијата е демократски институт. Не знам зошто се трошат непотребно емоции, толку енергија да се докаже дека доколку се достави интерпелација се има намера да се сатанизира министер, или носител на јавна функција. Напротив, интерпелацијата може да биде одлична шанса министерот да профитира, да докаже и пред пратениците и пред јавноста дека одлично си ја врши работата Според тоа еве нека суди јавноста, нека суди Парламентот, фактите, борба на факти е овде, борба на мислења и се разбира на таа основа се гради угледот и на пратеникот, се гради угледот на министерот, се гради угледот на ресорот. Според тоа, јас сметам дека ќе можеме да говориме за демократски односи во една држава, или за демократска свест, ако сакате и за политичка култура кога ќе се случи во овој Парламент за определен домен на ангажманот на министерот и пратеничката група која што стои зад неговиот избор да каже критичка интонација. Не говорам само за ВМРО-ДПМНЕ, говорам за Македонскиот Парламент, а едни да го напаѓаме други да го браниме министерот најдобро покажува дека сеуште сме на почетокот на совладување на демократските процеси во едно општество.

Според тоа, г. министер јас ќе кажам за себе, никој од подносителите немаше намера со оваа интерпелација да го доведе во прашање вашиот творечки опус, вашиот професионален ангажман, академик, ако сакате, творечкиот опус и во сферата на економијата и во сферата на културата, поезијата. На никого не му паѓа на памет се она што го работел Никола Кљусев досега да го доведе во прашање. Ние разговараме само за еден сегмент на ангажманот, ангажманот на г. Кљусев како министер за одбрана и тоа само за неколку негови активности во овој период, кои што не се многу компатибилни со досегашниот

ангажман на Никола Кљусев на многу други одговорни функции, или неговиот професионален ангажман и како министер за одбрана.

Имено, мотивот за моето јавување за дискусија пред се беше настапот на г министер дека тој не наоѓа ама баш ниту една причина за одговорност. Па, знаете, мислам дека не греши само оној што ништо не работи. Објективно сите ние во текот на својот ангажман, во работата да правиме грешки. Вие не признавте ниту една работа од наводите во интерпелацијата, дури рековте дека не чувствувате одговорност за ништо досега во водењето на Министерството, дека сте направиле грешка. Според тоа мислам дека не стои тоа. Тоа не е објективно. Барем требаше да има малку самокритичност во овие тревожни моменти на македонската понова историја, сите партиципираме по малку. Кој колку може согласно своите способности, меѓутоа оние кои што се на нај одговорните функции партиципираат најмногу, но и грешат најмногу, затоа што тие се изложени на очите на јавноста, на судот на јавноста дали она што го работат го работат во рамките на интересите на граѓаните на Република Македонија. А тоа е основната функција, основната задача на носителот на јавната функција без разлика дали тој е пратеник, министер, заменик министер или помошник.

Втора причина зошто се јавив, дали случајно избегнавте или го оценивте еден од основните аргументи, темелните аргументи во интерпелацијата за аферата или скандалот со заробувањето на војниците. За тоа ништо не кажавте од говорницата, или сметавте дека досега кажавте се во јавноста и нема што ништо повеќе да се каже. Навистина добро забележи и Шеќеринска, не треба да постои ни еден од другите аргументи, доволно е за оваа афера, за овој скандал да се поднесе оставка и тоа не само од министерот за одбрана, многу луѓе кои што се инволвирани во овој скандал.

Јас само за тоа ќе се задржам, но пред тоа бидејќи говоревте овде за доблест, за чест, за морал јас ќе ве прашам многу лично - дали како министер имате информација, го имате наодот на Министерството за финансии за 1999 година какви се наодите на Министерството за финансии за јавните набавки во Министерството за одбрана. Тој извештај го имате и вие, го има премиерот, го има и министерот за финансии. Дали е тој позитивен, афирмативен или во извештај се говори дека сите јавни набавки за 1999 година во Министерството се спротивно на законот.

Би сакал да го информирате и Парламентот и Собранието, па после тоа би можеле да разговараме.

Но, другата причина зошто се јавив за збор е, долго време наназад и вие другите министри и Владата не убедувате нас и македонската јавност дека аферата, случајот со четворицата војници со побегнувањето од затвор на г. Хасани немаат ништо заедничко. Јас искрено да ви речам очекував како искусен човек тука да поентирате пред македонската јавност. Зошто? Доколку тоа се откри во раните утрински часови јас очекував, бидејќи целата јавност веќе дозна на различни начини, очекував вие да реагирате енергично, да ја затворите македонската граница. Да ги информирате граѓаните на Македонија, дека четворица војници се киднапирани, се заробени на македонско - југословенската граница и веднаш да барате од КФОР од УМНИК потера да се поведе за враќање на киднапираните. Ќе се чуваше достоинството на оваа држава.

Ако сакате и понатаму и како власт и како министер за одбрана да се сочува достоинството на Македонија можевте да ја забраните, се разбира, заедно со власта во рамките на ингеренциите и користењето на македонската територија доколку се доведат во прашање животите на нашите војници, кои што беа заробени. Ве молам како ќе го објасните фактот пред домашната јавност што се јавува обвинителот на Град Скопје, тој допис веќе е познат, достапен до новинарите, стоеше во извештајот, во информацијата на Врховниот суд на Република Македонија, дека јавниот обвинител на Скопје напишал писмо до извршниот судија, во кое покрај другото стои дека доколку не биде ослободен затвореникот Хасани ќе дојдат во прашање животите на четворицата војници.

Тука почнаа да се надградуваат приказни дали е тоа потребно, непотребно, па имавме изјава од премиерот - многу е подобро да ги имаме живи и здрави војниците отколку да ги враќаме во лимени сандаци. Се разбира дека е тоа добро меѓутоа што станува со угледот и достоинството на Македонската држава. Дали не можеше да се применат, државнички реакции се тие, да се покаже дека оваа држава е суверена, самостојна, дека може да се наметне на меѓународната јавност, да бара солидарност од меѓународната јавност. Ние го избравме нај бенигното решение во тој случај, еве ќе ги

вратат војниците, ќе го пуштиме затвореникот, јавноста нема да се буни, целта е постигната, а што ќе биде утре? Дали на тој начин не е доведен во прашање меѓународниот углед на Република Македонија? Дали тоа не дава шанса за нови слични такви инциденти, така да кажам и скандали, нови заробувања на војници. Не може да биде одбраната господине министер па имало заробување ќе има пак заробување. Државнички се реагира во тој момент на тој начин. Се затвора границата, се бара меѓународна солидарност. Знаете како реагираат, имавме случаи во неколку европски земји. Само еден војник ако е заробен се мобилизира армијата, а и порано имавте некои реакции на и онака скромна македонска армија, скромно наоружана, меѓутоа имаше достоинствена реакција. Доколку се освои Чупино Брдо, македонската армија ќе биде во мобилна состојба. Не значи дека ние имаме толку моќна армија, меѓутоа тоа е знак дека го чуваме достоинството на оваа држава. А, тука се прават компромиси и не случајно после, меѓутоа јас не сакам за тој случај многу да говорам, се надевам дека ќе дојде на дневен ред, еве и тука ја прекинувам расправата, меѓутоа сакам во завршниот дел, да кажам дека министерот за одбрана има носечка улога во такви моменти. Јас лично очекував како човек, од човек академик, со огромно искуство, прв претседател на македонската Влада, на суверена самостојна Република Македонија да смогне снаги да ги надминат меѓу партиските популации. Инаку вака ќе си останете вечито како заложник и вие и македонската Влада на г. Џафери. Не случајно г. Џафери молчеше цело време. Не сакаше да дава никакви изјави, бидејќи тој знае што се случило. Заради тоа сметам дека достоинството на функцијата на функционерот се чува на тој начин, во нај тешки и нај кризни моменти дали е резистентен системот и дали ресорот е способен да реагира онака како што бара Уставот и интересот на граѓаните на Република Македонија. Јас не барам, како и сите потписници на интерпелацијата глава на г. Кљусев, но бараат навистина одговорност и малку самокритика. Нашиот углед на државата го градиме чекор по чекор, од ситуација до ситуација. Беше наведен само еден пример заради несоодветната реакција на македонската власт за тој случај, во Дебар киднапирање на војник, јас незнам утре што све ќе се случи, ако ние покажуваме немоќ како држава, ако нашата армија покажува немоќ и ако до таа мерка го потценуваме, го симплифицираме, го упростуваме тој скандал кој што има несогледливи штетни последици по одбранбената моќ на Република Македонија и одбранбената способност на државата, заради тоа сметавме дека добро беше барем ако не друго да се извините на македонската јавност и малку самокритика дека тука работата не беше завршена ниту државнички, ниту професионално како министер за одбрана. Никој од нас не гаи илузија дека има парламентарно мнозинство ова Собрание, кое што ќе изгласа интерпелација за разрешување на еден министер, кој што има огромно парламентарно мнозинство. Но, на овој испит се покажува способноста на луѓето кои што ја водат државата, преку тоа како ги водат ресорите и конечно колку Владата е способна граѓаните на Република Македонија во неа да имаат доверба.

Токму овие беа основните причини зошто е поднесена оваа интерпелација. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. пратеник Тито Петковски за учество во расправата.

За збор се јави г. пратеник Димитар Батковски.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван г. министер, почитувани пратеници, јас не мислев да дискутирам од причина што сметав дека навистина како што истакна претходниот дискутант, јас немам за цел во мојата дискусија да го бранам министерот Кљусев, туку да се осврнам на овие шест точки од поднесената интерпелација.

Јас во моја дискусија, многу поттикнат од поедини дискутанти од поднесителите на интерпелацијата, а во таа смисла со внимание го слушав излагањето на г-динот министер Кљусев и на вистина оваа интерпелација имав впечаток, наместо да ја постигне онаа цел што ја имаат подносителите, ми се чини она им се врати како бумеранг, бидејќи сите оние што го следеа излагањето на г-динот министер дојдоа до заклучок дека навистина подносителите на интерпелацијата одбрале лош егземпар за една ваква дискусија, бидејќи овде за Министерството за одбрана и за министерот Кљусев може да се зборува само во суперлатив. Јас не сакам да ги повторувам некои работи што беа истакнати, реков не сакам да го бранам, бидејќи овде не треба бранење затоа што министерот и ова наше министерство го бранат неговите дела. Тие дела беа

посочени со бегалската криза со НАТО и со другите успеси кои ги постигна ова наше министерство.

Јас посебно бев поттикнат од дискусијата на еден од подносителите на оваа интерпелација каде што, покрај другото, немаше зашто да се фатат, па ставаат забелешка зошто се објавила оваа книга, толку чинела, и т.н. Верувајте, место тука да се оддаде признание, бидејќи се работи за пишан збор, се работи за трајна вредност, за работата на Министерството, вредност која што документ. Камо среќа ние да имаме, сите министерства да оставаат вакви трајни документи, една хронологија на настани, што навистина заслужуваат едно вакво јубилејно издание.

Јас уште повеќе во ваа прилика сакам да истакнам дека еден од претходните дискутанти што стави забелешка на ова списание, а работи на Универзитет. Она има против оваа книга и даде забелешка зошто е издадена. Замислете колкав апсурд е тоа. Во таа смисла јас уште еднаш ќе кажам дека подносителите на оваа интерпелација повеќе зборуваат за самите нив, отколку за министерот и за Министерството.

Затоа на крајот јас сакам да ги замолам, во нивни интерес е да ја повлечат, затоа што низ дискусијата што ја изнесе министерот, се гледа дека ниедно од тие обвиненија што беа изнесени овде не се документирани и не заслужуваат никакво внимание.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Димитар Батковски.

За збор се јави потпретседателот на Собранието Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани колеги. Во овој момент треба да расправаме по повод жалбата на СДСМ, односно дел од пратениците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не е тоа жалба, тоа е интерпелација.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колега Петковски апелација не е ништо друго туку е жалба, а зборот "интер" значи внатрешно, а тоа значи припаѓа на овој орган ва кој го давате.

Ако не ги знаете зборовите тоа е ваш проблем, не е мој. Сега човек кој нешто не знае а го употреби, тешко му паѓа.

Господата, она што го кажаа во писмениот документ, го кажаа. Овде во овој момент се јавија да го натераат министерот тој да ја докажува својата невиност. Во правото општо е познато дека докажува оној кој нешто тврди. Дали сега тоа правило воопшто во светот и во правото ќе го нарушиме ние како пратеници. Сметам дека тоа не треба да го направиме од кои причини?

Првиот дел беше дека настапи скандал со водењето на Министерството во однос на програмите што треба да се изработат за наше учество во НАТО. Господата не знаеја што значи припремна работа, што значи изработка на програми и што значи одобрување на програмите. Постапката не ја познаваат и мислат дека почетниот дел е финале. Финалето се роди во овој месец. Значи, тоа што се приговарало и што се припремало се усвојува. Ги прашувам што треба сега да има доблест г-дин Кљусев и да признае за својата грешка. И јас го повикувам да признае, затоа што успеал во својата работа. Тоа е во однос на првата точка.

По однос на набавката на мерцедеси, незнам дали ние сакаме само да водиме скандали овдека или да се занимаваме со политика и да се занимаваме со стратегија на државата. Помеѓу останатите работи државата има стратегии со други држави. Па и дека Македонија е држава ние со Германците имавме соработка и таа и понатаму продолжува. Кога не ослободија од дел на трошоци и ни ги надоместија таму ако има намера од она што ќе ни го отстапат место да го платиме, ако имаме намера да се опремуваме да опремата биде од страна на германски производители. Потребата министерството, оценило, затоа што Владата сега сноси одговорност и води сметка што и како кое министерство ќе работи, Владата оценила дека има потреба за опремување на тоа министерство да се купат толку и толку леки коли. Типот на мерцедеси место да ние е понос, ние некако тоа го гледаме со понижување. Или, некое големо богатство. Сфатете, шест возила од типот 300 илјади германски марки, пресметајте колку чини едно возило. На слободниот пазар да го купите тоа е минимум 55 илјади марки. Значи, нема ништо повеќе од она што би го купиле во продавница. Сега имаме гарантираме со еден соработник, еден наш пријател со една моќна Германија, со која соработуваме сите ние овдека се расправаме, зошто баш купивме од нив возила. Дали ова треба да биде негација или не.

И кога се зборуваше за интересите, ако ние имаме наши интереси и тие големи и мали држави имаат и свои интереси тој

сакаше да дојде овдека и со тоа да и помогне и во опремување на армијата. Знаете колку други средства потребни за армијата даде германската држава. Па зар не е срамота сега за ова да дискутираме. Каде ни е достоинството. Однос навистина е срамна работа за грабнување на нашите четворица војници.

Господа пратеници, јас тоа грабнување на го оправдувам, туку го осудувам. Ние преку надлежните и преку министерството и преку претседателот на Република Македонија г-дин Борис Трајковски, направивме демарш преку одговорните од КФОР и НАТО силите што се овдека. Тие признаа дека направиле грешка, дека немале контрола на територијата на Косово. Дека таму од тоа дошло дека е таква организацијата, таква е моменталната благосостојба. И наместо ние да се солидаризираме да видиме што ќе биде со таа организација, тие сами признаа, ние од внатре викаме дека тие не се способни, а целта ни е таму да отидеме. Сетете се само што беше во јуни месец минатата година, на територијата на Куманово од НАТО составот, беа исто така фатени американски војника. Отидоа во Белград, покушаа американците по сите основи и на крајот да го заштитат дигнитетот и достоинството на тие војници и на крај нивниот физички опстанок пратија поп. А ние овдека нашите попови сакаме да ги претвориме преку наши пратеници од СДСМ критичари на добра работа.

Јас незнам до каде може достоинството да оди.

Господа пратеници, ние од СДСМ година ипол слушаме само едно, не закон, ние така работевме, праксата е таква, праксата е таква. Зборувам пак, сакаме да докажеме овдека дека ние имаме пишано законодавство. Ние имаме изгласано законодавство. Немаме аглосаксонско обичајно право. И, затоа се врши промена на власт, да се измени и промени практиката на правото. Ако прифатиме нивен начин на работа, ако прифатиме тие како практикувале, тие изгубија на избори поради праксата. Затоа што отстапуваа од законодавните норми. Зар не беше јас ќе го повикам сега г-дин Тито Петковски, преку Уставниот суд неговата одлука за прогласување ја поништи. Беше дојдено до работ на војна на Македонија. Таму ќе страдаа и Албанци и Македонци ќе страдаа, сите кои живееја во таа војна. Немаат ни срам, ни очи тоа до го спомнат. А сега, наоѓаат маана што некој друг направил криминал да го препише на власта. Јас не го одобрувам ова што е правено. Пак зборувам г-дин Кљусев, има како министер забелешка на таа околност. Али треба да прифатиме колку е нашата одговорност. Наша одговорност овдека, во цел свет ако се случи некоја работа Владата е таа што треба да одговара, не треба да бега од одговорност. Се случи тоа дали сега да се учиме од еден случај, како треба да ја организираме одбраната, како треба да ја организираме сигурноста на границите, сигурноста на граѓаните во државата. Еве, јас ќе гласам да го разрешиме Кљусев, дали ќе го снема повеќе од политичкиот настан, од настан воопшто како животот киднапирањето на војниците. Не, тоа ќе остане. Дајте сите сега да најдеме начин и модуст, да се договориме што ќе биде. Г-дин Тито Петковски, тоа ме натера да зборувам, зборуваше што направил Јавниот обвинител на Скопје. Г-да пратеници Јавниот обвинител во покренување на кривичната постапка, во правото се вика "доминистритис". Тој е господар. Ако даде предлог да некој отиде во притвор по негово барање, може во секое време може да се пушта од притвор. Како се тргува со правото кое не се знае. Како се злоупотребува правото и сега да му се на тој човек приговори, зошто така одлучил. Ако одлучил надвор од овластувањата, ако го злоупотребил своето дајте да бараме од него одговорност. Владата не носи одговорност од работа на Јавниот обвинител. Ако зборуваме што ќе прави судството. Судството е третата власт. Кој сме ние да им заповедаме на судиите што ќе прават. Јас овдека зборував ќе се напаѓа одлука, а не судија како функција. Ако не му чини одлуката, ако е прекршен законот, ако не работи по право, ќе биде разрешен. А тука само да се повикуваме тој направил тоа, тој направил тоа. Зошто не кажа еднаш г-дин Тито Петковски, јас згрешив и имаше крв во Македонија, поради мојата злоупотреба, имаме одлука на Врховен суд. Каде тој негов парав се поништи како незаконит. И сега бара доблест од човек што не направил лично тој, друг направил на оваа територија.

Имате во правото две одговорности: За друг и за себе.

За друг одговараш за деца, а за себе лично одговараш.

А Г-динот Тито Петковски ќе треба да признае оти е дете на Кљусев. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на потпретседателот Стојановски Томислав.

Има збор г-динот пратеник Поповски Љубомир.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, веќе станува јасно дека секоја иницијатива на опозицијата во Собранието на Република Македонија од страна на политичките партии која ја поддржуваат Владата е осудена на декатуелизирање, маргинализирање и умаловажување што е типичен пример оваа интерпелација, која е поднесена уште на 25.02. о.г. расправаме по неа дури денеска, три месеци подоцна.

Меѓутоа, без разлика на тоа, бидејќи станува збор за работи кои што можат и да не застаруваат, а бидејќи се работи за еден многу важен витален ресор, државен, со големо влијание на општата слика на една држава, не е излишно уште еднаш да се навратиме ва неговото функционирање, посебно во делот кој се однесува на неговото раководење од страна на актуелниот министер.

Првите сигнали дека нешто е гнило во ова министерство пристигнаа уште на почетокот од неговиот мандат. Меѓутоа, кулминацијата кулминираше на некој начин на крајот од минатата и почетокот на оваа година. Се почна некако со откривањето на шверцот на северната граница, односно со шверцот со 10 тони барут на северната граница наменет за Србија изнудените оставки на високи воени функционери, во тоа време не ја смирија аферашката спирала, која со голема брзина почна да се одмотува во ова Министерство.

Во поплавата, скандали што се случуваат таму највпечатливи беа оние со: на пример јас само ќе ги спомнам, за кои што нема да се задржам подоцна е неквалитетното месо за војниците набавувано од сомнителни фирми, набавката на мерцедеси кои што г-динот Томислав Стојановски ги омаловажува, како малтене како да станува збор за "Тика", без објавен тендер, војничката заклетва на српски јазик во Битолската касарна, превирањата во најелитната армиска единица волци и како сеуште не докажениот секс - скандал во Министерството за одбрана.

Сепак, највпечатливиот настан во АРМ или најновиот настан што се случи во АРМ со грабнувањето на четворицата македонски граничари од страна на ОВК за политичка размена со притворениот нивни командант Џавит Хасани од Скопје, е случај без преседан во нашата современа историја.

Меѓу оние министри од Владата од кои јавноста очекуваше дека ќе ја преземат одговорноста за настанот, беше и министерот за одбрана односно јас би ставил едно "не" пред тоа за одбрана. Никола Кљусев за кого се мислеше дека барем ќе поднесе оставка од морални причини.

Јас би ве замолил сепак станува збор за Парламент, а не за зоолошка градина, ќе ве молам!

И наместо Министерството за одбрана како најповикано да даде отчет за целиот случај, тоа одлучи да се скрие зад штурата и со непрецизности полна информација на Владата, за чија судбина ова Собрание се уште не одлучувало. Се игра на факторот време и евентуалното постепено исчезнување на настанот од меморијата на јавноста. Меѓутоа, во стварноста има работи кои се заборавaат, но има и работи кои болат подолго време, па сведоците кога тогаш ќе проговорат и за овој настан.

Во тој контекст уште по иритирачки беа изјавите на министерот дека безбедноста на земјата е на високо ниво, а во исто време да изјави дека денес во Македонија може секој да ве киднапира. Изјави од овој тип имавме можност повеќе пати да слушнеме од него, меѓутоа претпоставувам дека овој пат најстрого му е сугерирано од страна на владеачкиот врв да молчи што повеќе во Парламентот, каде обратно, треба повеќе да зборува со аргументи, а не со молчење.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Но, случајот кој уште не е расветлен т.е. трампата на грабнатите македонски граничари за командантот на ОВК не е единствен скандал што му се случи на министерството за одбрана делумно и заради високи политики во кои е вплеткано целото актуелно раководство на РМ, а можеби е најмалку вмешан и г-динот Кљусев, но со тој факт и со вистината што ја знае г-динот Кљусев за овој случај, тој си го продолжува својот престој во македонската Влада на неопределено време, што покажува вистината.

Имено, во очи на новогодишните празници на граничниот премин Табановце, Министерството за внатрешни работи пресече организиран шверц на 10 тони барут бугарски, наменет за земја која е под ембарго за увоз на оружје. По спектакуларно изведената акција на МВР

побрзо да обелодени дека во шверцот биле вмешани високи функционери на Министерството за одбрана и дека воеността разузнавање ни со прст не мрднало за шверцот, цената најбрзо ја платија шефот на воеността разузнавање г-динот Сашо Мијалков, Киро Шошев и потсекретарот Недан Јовановски како одговорни за набавките и двајца директори во "Сувенир".

Чистката лично ја направи г-динот Љубчо Георгиевски без консултација на г-динот Никола Кљусев, кој до денеска не знае или не смее да проговори за вистинските причини за потегот на неговиот претпоставен. Тука директно е обраќањето до г-динот Михајлов, кој мислеше дека овие не се измислици г-дине Михајло, туку тоа се факти врз основа на преземени акции на вашиот премиер.

Според тоа, најмалку што треба е да го почитувате што го презема вашиот премиер, па меѓу другото и заради тоа што носите еднакво презиме.

Третиот покрупен случај се состојбите во VI-от одред на елитната единица волци во АРМ, кој јавно проговори дека четириесетина од нив биле принудени од ново назначената команда да го напуштат составот или да бидат прекомандувани во граничните единици, а нивните места да ги заземат не професионалци, луѓе блиски до актуелната власт. Набргу имаме деманти од Министерството за одбрана, дека тие луѓе потфрлиле, односно се оправдува тој потез во нивната психофизичка подготвеност, а втората анатема која беше фрлена врз тие луѓе е дека, овие припадници на специјалните единици во вежбовни активности кои биле изведувани во странство дури и сексуално застраниле, па од таа причина тие требало да ги напуштат овие елитни единици.

Меѓутоа, многу е јасно дека овие радикални мерки се преземени да се оправда нивната замена со луѓе блиски и лојални на владеачката гарнитура.

На крајот што може да се извлече како резиме од само дел на посочени афери и скандали кои го потресуваа ова Министерство во изминатиот период.

Имено, како резултат на не преземањето на енергични мерки против овие појави, потоа лесната спремност да се забошотат сите афери, а посебно шверцот со барутот и киднапирањето на македонските граничари и нивното трампање, без крупулозното партизирање, приватизирање, па би рекол и лаицизирање на кадровската компонента во Министерството за одбрана, имаат за последица нашата северо - западна граница да бидат мека за шверц, илегално преминување и злоупотреби на најразлични одметнати банди, криминалци, но и организирани групи, кои трупаат оружје во Македонија за други цели, кои можат да бидат и поинакви, односно и политички дури и милитарни.

Само во периодот јануари - мај има откриено 567 нелегални премини. Можете да замислите колкав е бројот на не откриените.

Втора крупна последица заради не преземање одредени мерки и утврдување на одговорност е наглото опаѓање на авторитетот на државата во целина, а посебно армијата со најновите форми на делување на организирани банди главно од Косово и Албанија, а тоа се гледа во киднапирање и малтретирање сеуште на припадници на Армијата на РМ, кои по дефиниција треба да ја штитат нашата безбедност, односно сите граѓани на РМ, а тие стануваат во последно време жива мета и цел на разјарени, осоколени и релаксирани поединци и групи.

Затоа, му одговарам на г-динот Филип, државата ја сакаме во тоа не треба да се сомнева и сметаме дека треба да и се помогне, но само со вистина, г-дине Филип, а не со нејзина имитација. Ако сите постапуваме така, а особено ако така постапува државниот врв на оваа Република, тогаш сигурно ќе ја избегнеме најновата оценка на американскиот институт за мир, дека РМ на некој начин станува кревка држава.

Отаму, мислам дека вие пратениците на владеачките партии или парламентарното мнозинство треба први да го браните Министерството за одбрана од неговиот министер. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Љубомир Поповски.

Дами и господа пратеници, нема повеќе пријавени дискутанти.

Според тоа, ја заклучувам расправата, го заклучувам претресот и ги молам пратениците да влезат во салата за да се изјасниме.

Интерпелацијата за работата на министерот за одбрана во Владата...

Процедурално после сето ова, повелете г-ѓа Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Навистина ќе бидам сосема кратка. Бидејќи гледам дека не постои ни желба ни интерес за сослушување, сите сме заморени, нема да одговорам на бројните инсинуации и лаги кои беа изнесени, меѓутоа, во едно ќе го замолам г-динот од Зоолошката градина да им се извини на парламентарците, бидејќи на страна што секој од нас ќе мора да си присвои дека е некое животно, себеси да се нарече, сметам дека голем број на животни ќе бидат, за жал, од сето тоа навредени, бидејќи има многу подобри животни од луѓе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во ред е. Ќе ве молам, Интерпелацијата за работата на министерот за одбрана во Владата на Република Македонија г-дин Никола Кљусев, ја ставам на гласање.

Ве потсетувам дека Интерпелацијата ќе се смета за прифатена, ако за неа гласале мнозинството од вкупниот број пратеници.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 93 пратеници за Интерпелацијата гласаа 24, 6 пратеници се воздржани и 63 се против.

Според тоа, констатирам дека Собранието не ја прифати Интерпелацијата за работата на министерот за одбрана во Владата на Република Македонија г-дин Никола Кљусев. (Аплауз).

Преминуваме на Четвртата точка од дневниот ред, - Предлог за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска за соработка во областа на образованието, науката и културата, со Предлог на закон.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за надворешна политика поднесе амандмани на насловот на Предлогот на законот и на член 1.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на законот, поднесен од Комисијата за надворешна политика.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Претставник на Владата е г-динот Пауновски.

Дали се согласувате?

(Се согласува).

Повереникот на Владата се согласил.

Дали и претставникот на Владата се согласува? (Се согласува).

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот. Претставникот на Владата го прифаќа амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од Комисијата за надворешна политика.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Претставникот на Владата се согласува. Во ред.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 95 пратеници 91 гласаа за, 4 воздржани и немаме против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска за соработка во областа на образованието, науката и културата.

Почитувани дами и господа пратеници, точките 5, 8 и 18 ги симнувам од дневен ред, бидејќи нема претставници, веќе втор пат, од Владата.

Бидејќи со тоа дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 19,20 часот).